**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Трето продолжение на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 септември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,14 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа по 69-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љувиша Георгиевски, Љубисасв Ивановски Ѕинго, Оливер Шамбевски, Радмила Шекеринска, Илинка Митрева, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даниел Дончев, Весна Јаневска, Благој Зашов, Абдуљади Весели, Бесим Догани, Али Ахмети, Фазли Велиу, Азис Положани и Весна Бендевска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 4 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор пратеник господин Марјанчо Николов, но не е присутен во салата.

Има збор пратеник господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер Славески,

Нема да бидам долг во мојата дискусија, но само би сакал да нафрлам неколку реченици околу овој Предлог на закон со кој се овозможува намалување на ДДВ на 5% на некои производи, како што се: машини за автоматска обработка, терминали, сончев систем и компоненти, потоа превоз на лица и нивниот придружен багаж, софтвер за машини за автоматска обработка и така натака.

Би сакал да кажам дека тоа е добро и го подржувам, но сепак би сакал да дадам на знаење на пратениците и на министерот за да не дојде повторно до злоупотреба на ова намалување на одредени стапки на данок како што се случи во некои други области. Сега не би сакал да навлегувам и повторно да се навраќам на неколку месеци наназад, односно пред една година кога го донесовме Законот што го подржам андманот сите пратеници од позицијата и од опозицијата за намалување на ДДВ на одредени земјоделски машини, ѓубрива и т.н. Тогаш се јавив за збор да кажам на седницата на Комисијата за земјоделство и во оваа сала да не дојде до злоупотреба, односно наместо да имаме намалување на одредени производи поради намалувањето на ДДВ што беше позитива, односно беше позитивно и по втор пат ќе кажам дека беше подржано и од позицијата и од опозицијата за доброто на македонскиот народ, односно за доброто на сите луѓе во овие области.

Овој пат се јавив да кажам дека ова за кое дискутираме денес и кое ќе го изгласаме, да не дојде до злоупотреба од оние кои се занимаваат со овие дејности, односно наместо да имаме намалување да имаме зголемување, овде каде што имаме намалување на данокот на овие производи.

Пред да завршам би сакал да реагирам на тоа што опозицијата, односно колегата Слободан Најдовски, како штокажа и како што знаеме, за овие исти стапки за намалување на данокот имаше поднесено предлог пред 7-8 месеци, кога Владата тоа го одби, но сега на некој начин тие овде се дадени со Законот за намалување на овие стапки односно на данокот.

Би сакал да укажам на колегите пратеници и минситерот Трајко Славески дека секогаш позицијата не е во право, односно и опозицијата многу често во ова Собрание, односно во овој парламентарен состав има позитивни предлози како во дискусијата, така и со интервенција преку амандмани. Целта ми е да укажам, почитуван минситер Трајко Славески дека некогаш без разлика дали е предлог од опозицијата би требало да се земе предвид, добро да се разгледа и прифати, а не после. Сепак, на крајот би кажал дека и тоа е добро што после 8 месеци вие како Влада и како минситер ги давате овие предлози, но мислам дека ќе беше коректно и овој предлог на колегата Слободан Најдовски да се прифатеше пред 7-8 месеци. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Три минути реплика за пратеник господин Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам потпретседателе.

Колегата Ацо Киров кажа дека иста идеа имал и колегата Слободан Најдовски. Тоа е точно, така беше, но да се потсетиме дека пред година дена донесовме измени во овој закон со кои се намали ДДВ за земјоделската механизација и земјоделските репроматеријали од 18 на 5%. Точно е дека во тоа време колегата Слободан Најдовски поднесе неколку амандмани со кои предлагаше намалување токму на оваа стапка на ДДВ за овие работи за кои сега зборуваме, а тоа е намалувањето на ДДВ за лекови и потрошен медицински материјал, закон за компјутери, односно намалување на ДДВ за компјутери, за сончеви колектори и за јавен превоз. Меѓутоа, мора да сватиме една работа. Во тоа време, значи пред една година, Владата рече дека таквите мерки ќе доведат до намалување на приходите во Буџетот за 3,5 милиони евра. Сега со овие нови мерки приходите во Буџетот се намалуваат за 16 милиони евра. Значи Владата како сериозна институција има обврска да има увид дали државата, односно дали Буџетот може да изврши еден таков реформски зафат. Значи пред година дена Владата немаше сознане дали

ќе се спроведе добра монетарна односно фискална политика и дали ќе имаме добра царинска политика. Ние знаеме дека во изминативе месеци имавме нависитна добра фискална политика и добра царинска политика како резултат на што дојде до зголемување на приходите во Буџетот во Република Македонија. Знаеме дека во првите 6 месеци дојде до зголемување на 10% пред се на царинските приходи, така што пред два месеци имавме расправа овде во Парламентот за ребалансот на Буџетот. Во таа дебата за ребаланс на Буџетот 80 милиони евра беа предмет на наша расправа однсоно на ребаланс на Буџетот.

Сакам да кажам дека Владата е таа која ќе оцени во кој момент може да дојде до намалување на ДДВ на некои производи. Таа оцени дека сега и во иднина ќе се води добра фискална и царинска политика и затоа државата може да го поднесе овој товар, оваа загуба во Буџетот за 16 милиони евра и тоа ќе може да биде во интерес на граѓаните на оваа држава, значи намален приход во Буџетот, меѓутоа, зголемени приходи во џебовите на граѓаните на оваа држава. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, на кратко и јас би сакала со една дискусија да се надоврзам на дискусиите и во некоја смисла да помогнам во расчистувањето на дилемите околу тоа дали е добро во овој период да се донесе ваков Предлог закон за намалување на ДДВ на медицински материјали, лекови, компјутери, на јавното сообраќајно претпријатие и т.н. Сметам дека ова намалување оди во контекст како збир на низа прописи кои во овој период од една година ги донесе Валдата на Република Македонија и пред се тука мислам на намалениот ДДВ за земјоделските репроматеријали, механизацијата, потоа нулта стапка на данокот на добивка ако таа се реинвестира. Понатаму имавме намалување на данокот на добивка од 15 на 12%, потоа од јануари 2008 година на 10%, персоналниот данок на доход со единствена стапка од 12% па од јануари 2008 година на 10%. Сите овие измени во даночната сфера почитувани колеги овозможуваат економски развој на земјата. Затоа сметам дека со оваа политика ние успеваме да се одлепиме од онаа долгогодишна фаза каде што економскиот раст беше многу низок, а исто така и бруто домашниотпроизвод почна да бележи една добро планирана развојна стапка.

Во овој период сме сведоци дека се зголеми приливот во Централниот буџет по основ на зголемување на приливот од сите овие интервенции кои беа направени од страна на Владата. Така, ако направиме една споредба за месец јануари 2007 со месец јануари 2006 година ќе видиме дека растот на даночниот прилив во Буџетот е околу 11,6%. Сите овие мерки придонесуваат, како и останатите мерки кои беа преземени од Владата, а тоа беше зголемена контрола на УЈП, понатаму избегнување на даночната евазија која што сме сведоци дека на стопанските субјекти не им се исплатува со вака намалените даночни стапки да не го плаќаат својот дел од данокот. Овој збир на мерки придонесе во државната каса, во Буџетот да се слеат повеќе дури од планираните износи на данок и сметам дека дури во одреден момент доаѓа до суфицит во државниот Буџет по основ на прилив на даноците. Овде една од мерките на степен на развој на нашата земја што е во дадениот момент, ваков суфицит дури не е добар и затоа сметам дека во овој момент е сосема исправно да се донесе и намалување на овие стапки кои денес се предмет на предлогот, а тоа е во однос на медицинските материјали, компјутерите и намалувањето на данокот на јавното сообраќајно претпријатие. До колку се остави на овој степен даночниот прилив, во тој случај тоа ќе влијае на ликвидноста на стопанските субјекти, тоа ќе влијае и на намалена парична понуда, тоа ќе влијае и на намалување на бруто домашниот производ, а исто така може да има и влијание на вработеноста, да се намалува. Затоа семтам дека ваквата мерка е сосема логична и од економски аспект, затоа што Владата сосема исправно оди во два правца, го намалува ДДВ, со тоа гонамалува приливот во Државниот буџет на данок, а исто така оди паралелно со уште една мерка во социјалната сфера, ги зголемува платите и ги зголемува пензиите. Овие две мерки влијаат практично сега во обратна насока, се подобрува ликвидноста на стопанските субјекти, понатаму се зголемува паричната понуда. Со зглемувањето на личните доходи на администрацијата и пензиите ќе се дојде до една состојба каде што ќе се зголеми личната потрошувачка. Таа Ќе влијае и на вкупната потрошувачка во земјата. Ова од друга страна значи дека стопанските субјекти ќе бидат принудени на пазарот повеќе стоки и услуги да даваат. Знаеме дека во Република Македонија понудата сеуште е на ниско ниво. Или таму каде што се намалува ДДВ ќе одат во насока, сите тие мерки во основа ќе доведат до една многу посакувана цел која во изминатиот период не успеавме да ја добиеме, а тоа е зголемување или оставање на правилен раст на бруто домашниот производ и понатаму дефинирање за наредниот период на бруто домашниот производ на повисока стапка отколку што е денес, над 8% и јас би сакала тоа реално да се оствари.

Сите овие мерки кои се движат паралелно со една макроекономска политик ана Владата сметам дека ќе донесат навистина до еден можеби во овој момент најзначаен успех, а тоа е да се одржи бруто домашниот производ на предвидениот раст, а во наредниот период и до зголемување на бруто домашниот производ. Секако дека ова не се единствените мерки, меѓутоа, накратко сакав, следејки ги вчерашните и денешните дискусии да упатам дека Владата, која

ја носи најголемата одговорност, има право во точно определен момент, ценејќи го приливот на данок во државната каса да употреби кога таа мерка ќе ја примени. Затоа, како контра аргумент давам дека многу од нас пратениците сакавме и порано или имавме зацртано со некои претходни предлози да го намалиме ДДВ, зошто сега истиот таков предлог да го прифатиме од Владата, а не од нас. Значи Владата е таа која гледа на секојдневна основа колку Буџетот се полни со даноци. Ако се исполнуваат предвидените мерки во претходнио тпериод што ги кажав по основ на намалување во земјоделството, по основ на нула стапка на реинвестирана добивка, по основ на намалување на персоналниот данок и останатите мерки ако даваат соодветни резултати како што дадоа, тоа и дава право на Владата во овој определен момент и да изврши намалување на ДДВ.

Оттука, мислам дека во овој момент е сосема правилно да се предложи вакво намалување на ДДВ, а не никако претходно или во тој момент ког ание пратениците сакаме. Владата носи одговорност, до колку во Буџетот не се слеваат предвидените средства со претходните мерки, оваа мерка и да не ја донесеме во определениот момент. Затоа, и ког аќе зборуваме во наредниот период за покачување на платите или за ребаланс на Буџетот, ние треба како пратеници и оваа мерка со овој предлог едногласно да ја подржиме, како и наредниот предлог со ребалансот на Буџетот за покачување на платите заради тоа што тие мерки не се само како што сакаше да се нагласи популистички мерки, бидејќи тоа се детерминирани од економските закономерности, до колку тие мерки во претходниот период се исполнуваат како што се исполнуваа, и определената стапка на раст ги дава позитивните ефекти врз бруто домашнио тпроизвод, ние како пратеници не смееме тие мерки да ги ограничиме, затоа што на крај и во Европската унија се бараат сите овие мерки и даваат позитивни резултати, но до колку успееме со низа други мерки да овозможиме да се зголеми понудата на стоки и услуги која во овој период е недоволна во Република Македонија, до колку успееме високиот надворешно-трговски дефицит да го намалиме, да го зголемиме увозот, тоа ќе бидат дополнителни мерки кои ќе ја зајакнаат оваа наша состојба.

Затоа, да не должам, сметам како контра аргумент на дискусиите зошто се трошат парите од Буџетот за повисоки плати и пензионери, тоа оди во функција н аона што претходно го реков ако внимателно ме следевте, во зголемување на вкупната потрошувачка која ќе донесе до поголема ликвидност на стопанските субјекти, ќе донесе низа правила што ќе ја придвижат економијата во правилна насока.

Отаму сметам дека во определен момент парите од Буџетот ако се искористат во развојната политика е многу подобро отколку ако се чуваат на сметката затоа што тој момент на суфицит, таканаречен, во нашиот контекст на развој на стопанството не е добро да се чуваат.

Тие мораат да го приближат стопанството и на стопанските субјекти да им дозволиме, значи со низа пак свои мерки и инвестициони мерки и зголемување на вработеноста како мерка која што во Македонија и те како ни е потребна и тие да придонесат, значи тој занает еднаш конечно да тргне. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути за реплика пратеник господин Киров Ацо, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Ја слушнав колешката Авировиќ, внимателно ја следев и мислам дека во повеќето работи односно во поголемиот дел на дискусијата за која што зборуваше колешката се согласувам, но јас сепак после нејзината дискусија би сакал да кажам некои работи кои што колешката Авировиќ ги спомна дека со намалување на данокот во овие дејности ќе овозможиме вкупната моќ на народот, односно на луѓето да биде поголема за овие сфери, односно во овие дејности каде што имаме намалување со тоа би се зголемила како што рече колешката Авировиќ и потрошувачката, а со тоа би се зголемил и суфицитот кој суфицит не би требало да го чуваме како залиха на крајот таа рече. Не е спорно дека суфицитот не е добро да стои како што рече колешката, настрана. Добро е да се врати назад, да се инвестира за зголемување на општите добра на производството на развојот на Република Македонија, развојот на одредени стопански гранки, но сепак јас сум скептик колешке Авировиќ тоа е се добро, се сложуваме, но овие производи јас за тоа што зборував да не ги спомнувам, можеби ќе предизвикам некоја негативна реакција на колегите од позицијата. Не би се навраќал назад, но имам запишано овде во тетратката за некои производи кај кои имавме намалување на данокот на ДДВ, каде што сега за 20-30% се поскапи. Според мене намалувањето не е 5%, односно ставката не е 5%, но приливот на средствата од собирање на овие 5% во однос пред намалувањето според мене е 7, 8 па можеби и 9% доаѓа, затоа што имаме зголемување на цената на производ, а со тоа и поголема стапка на ДДВ. За мене најзначајно е, сето тоа го поддржуваме, во се согласуваме, но сепак ќе кажам, дај Боже, сите овие мерки кои што ги поддржуваме и позицијата и опозицијата, за намалување на стапките, за доброто на македонскиот народ, вие како што рековте за зголемување на куповната моќ на семејствата, според мене најбитно е сето тоа, затоа што намалувањето и зголемувањето на платите, не значи дека се е намалено. Ние во секојдневниот живот гледаме дека имаме зголемување на цените на одредени производи, повеќе за 20, 30, 50%. Но најбитно е, поентата ми беше да кажам на крај, најбитно за мене е сето тоа што го презема Владата или што го гласаме сите заедно да се овозможи развој на стопанството, а со тоа и

зголемување на вработеноста во Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник, госпоѓа Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Мене ми е особено задоволство што се согласувате со мојата дискусија. Единствено само ќе ви кажам, дека намалувањето на ДДВ во однос на стопанските субјекти, директен бенефит има што се подобрува ликвидноста на овие стопански субјекти и што им се остава простор. Значи, со оваа мерка Владата само дава смерници. Таа е како регулатор. Ним им се овозможува, во сферата каде што се намалуваат, да инвестираат во нови производни циклуси, да ја зголемат понудата на стоките. Тоа со останатите мерки сигурно ќе донесе бенефит. Со останатите мерки зголемување на платите, зголемување на пензиите итн, значи ќе се создаде еден цикличен позитивен развој и мислам дека сме на правиот пат.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за финансии.

На денешната расправа во Парламентот е Предлог законот за измена и дополнување на Законот за ДДВ, со кој што Владата предлага нови четири групи на производи, кои што ќе се оданочуваат по повластена ставка од 5%. Тоа се лековите и медицинските помагала, машините за автоматска обработка на податоци, превоз на лица и нивниот предружен багаж. Исто така и за термалните сончеви системи и компоненти.

Ова не е прв ваков потег на Владата. Знаеме дека претходно веќе излезе оваа Влада со едно вакво намалување на даночната стапка. Се однесуваше за земјоделските репроматеријали и тогаш на големо се препагираше и се прикажуваше во јавноста дека таа значително ќе им помогне и ќе им овозможи на земјоделците да набавуваат поевтини суровини, односно репро материјали, а од друга страна ќе се овозможи да го зајакнат своето производство за да бидат конкурентни. Но праксата покажа дека тоа не се случи и со намалување на тој данок тогаш, фактички Владата им овозможи на трговците екстра профит од некаде 10% на тој што претходно го остваруваат, додека земјоделците останаа со празни раце, односно не се намали ниту еден од овие репроматеријали. Значи претходниот обид на ваков начин Владата да им помогне во тој случај на земјоделците не беше успешен, и самата статистика односно Државниот завод за статистика во своите соопштенија јасно го покажува тоа дека импутите односно влезот на материјалите во земјоделското производство е зголемен во однос на претходниот период и земјоделците практично останаа со празни раце од оваа мерка на Владата, а од друга страна и понатаму продолжија да произведуваат, да го полнат Буџетот на Владата, но обратно од средствата што беа наменети за нив, не добија преку оваа мерка на Владата за оданочување на тие производи со повластена даночна стапка. Од овие четири групи производи кои што се, сега Владата ги предлага да се оданочуваат со 5%, мислам дека сакајќи Владата повторно популистички да се додворува на граѓаните одбрала групи на производи кои што засегаат голем број на граѓани, посебно во делот на лековите и медицинските помагала, кои што знаеме дека се од голема важност за граѓаните. Но дали и овде оваа мерка ќе ги даде очекуваните резултати, односно дали навистина ќе дојде до намалување на цените на лековите и медицинските помагала, или повторно, како во претходниот пример, цените ќе си останат исти, додека оние кои што работат на снабдување, веледрогериите, Владата ќе им овозможи да остваруваат екстра профити. Владата нема механизам со кој ќе ги натера трговците да ги намалат цените на лековите, во овој случај за 13% колку што би требало да изнесува намалувањето на ДДВ. Значи, немаат никаков механизам и трговците не се обврзани да ја почитуваат оваа мерка на Владата.

Од друга страна, повторно Владата се откажува, ако добро се сеќавам од прес конференцијата на премиерот, некаде околу 600 милиони денари по основ на ДДВ кој што се собира со лековите. Се поставува прашањето дали не ќе беше подобро Владата да ги наменеше за да се зголеми количината на лекови кои се намалуваат од позитивната листа. Знаеме дека сега најголемите реакции на граѓаните се дека нема доволно лекови во аптеките. Дека не можат да најдат лекови редовно во аптеките, иако на големо се промовираше дека ќе се подобри снабденоста, дека во повеќе аптеки ќе може да се набавувата сега лекови од позитивната листа и на рецепти, но праксата покажа дека нема лекови. Граѓаните не можат да ги добијат. Од друга страна слушаме како успешно се спроведуваат реформите во здравството, а тоа е друга тема. Значи, дали не ќе беше подобро овие пари кои што Владата сега, претпоставувам ќе ги даде на веледрогериите да ги наменеше за набавка на поголема количина за лекови, или за лекови кои се подефицитарни да ги има во аптеките. Зошто на таков начин не им се помогне на граѓаните и директно ќе ја почувствуваат таа помош од Владата во делот на снабдувањето со лекови преку рецепти. Мислам дека тука правите една погрешна проценка и еден погрешен потег, сакајќи да се додворите на граѓаните во ситуација ќе се доведете фактички, да им го зголемите профитот на веледрогериите. Мислам дека овде имате најголем пропус, но праксата ќе го покаже и тоа, се надевам, дека навистина ќе дојде до намалување на цените на лековите и во најголем дел пензионерите ќе можат да го почувствуваат тоа, но факт е дека има голем недостиг на лекови во аптеките и не можат луѓето да ги најдат. Сега наместо да одат

во две аптеки, одат во 10 аптеки и повторно ги нема количините останаа исти, само ги распоредивте на повеќе аптеки. Околу лековите би имал толку.

Околу повластената даночна стапка за прометот на превоз на лица и нивен придружен багаж, исто така се сомневам дека ќе дојде до намалување на цените на билетите, затоа што, прво ако го земеме железничкиот сообраќај, слушнавме дека Владата планира, санацијата на Македонски железници да ја изврши, затоа што најголем дел од долговите ќе ги преземе Владата, односно државата преку Буџетот околу 106 милиони евра, а од друга страна знаеме дека и Јавното претпријатие сега веќе АД Македонски железници и транспорт укина дел од патничките линии поради неекономичност или со цел за намалување на загубите. Мислам дека и тука и во овој случај во делот на железничкиот сообраќај, најголем дел од ова намалување ќе оди во корист на Јавното претпријатие и нема да ги намали цените, туку ќе ги искористи средствата за покривање на загубите. Повторно граѓаните ќе останат на некој начин во исчекување да се намалат цените, но нема да го видат тоа. Значи, уште една популистичка мерка, која што нема да даде резултати ќе се случи и со јавниот превоз. Знаеме дека од Јавното претпријатие штрајкуваат, имаа блокади, затоа што Управата за јавни приходи, нема наплатено, има побарување по основ на данок, овие средства ќе ги искористат во најголем дел исто така за покривање на тие загуби и нема да дојде до намалување на цените на билетите за граѓаните и во Македонија во делот каде што го користат патниот и железничкиот сообраќај и за граѓаните во јавниот превоз.

Значи, повторно имаме една ситуација во која што Владата предложи едни мерки насочувајќи ги директно или најавувајќи дека се помош за граѓаните, но во практиката нема никакви механизми, или начини да им овозможи бенефит на граѓаните со овие мерки, туку напротив, како претходниот пат, ќе им овозможи на трговците да остваруваат екстра профит и на тој начин богатите да бидат уште побогати, а другите кои што очекуваат и едвај преживуваат со примањата да не можат да го подобрат животниот стандард по основ на намалување на цените.

Затоа мислам дека кога Владата предлага вакви мерки, малку пошироко треба да ги размислува работите и да не се ограничува таа само да биде популарна во јавноста, да има ефект преку прес конференции, туку навистина повеќе ќе ценат граѓаните кога ќе почувствуваат дека се намалиле одредени цени по основ на намалување на данокот или на некои други мерки, а во овој случај само ќе остане најавата додека праксата најверојатно нема да се случи на овие групи производи по основ на намалување или нивно оданочување со повластена даночна стапка. Така што мислам колку и да звучи ова добро и популарно тешко дека ќе може во праксата да се оствари и повторно ќе бидеме сведоци на уште еден маркетиншки потег на Владата, а реално граѓаните нема да имаат можност за оние производи кои што ги спомнав да почувствуваат нивно поевтинување или намалување на цените по основ на оваа мерка на Владата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Реплика три минути, пратеник господин Пачемски Миле, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам потпретседателе.

Јас навистина со жалење можам да констатирам дека господинот Марјанчо Николов изјави дека овој Предлог на закон е популистичка мерка на Владата за намалување на данокот на ДДВ од 18 на 5% на овие материјали.

Господине Николов, вчера во дискусијата господинот Поповски рече дека овој предлог на Владата ќе го поддржи. Јас се надевам дека кога ќе дојде редот за гласање дека и вие овој предлог на закон ќе го поддржите, затоа што тоа е во интерес на сите граѓани во Република Македонија, без разлика на позиција или на опозиција, без разлика на партиска припадност. Тоа е во интерес на граѓаните, затоа што имаме закон во кој што државата вели ќе се откаже од 16 милиони евра кои со намалувањето на ДДВ за овие материјали кои што пари ќе ги изгуби државата во својот приход во Буџетот, а тие пари ќе идат во џебовите на сите граѓани на Република Македонија кои што ќе купуваат лекови, кои ќе купуваат компјутери, ќе користат јавен превоз или ќе купуваат сончеви колектори. Значи ова не е популистичка мерка, ова е реална мерка што ја поздравуваат сите граѓани во оваа држава. Дали според вас претставува добра мерка кога вие односно вашата партија во 2003 година кога бевте на власт ги зголемивте цените на сите овие материјали од 5% на 18% односно ДДВ се зголеми од 5 на 18%, дали тоа е според вас добра мерка. Велите дека Владата нема механизам како да ги намали овие цени пред се цените на лековите во трговијата. Јас само да ве потсетам дека пред неполн месец донесовме Закон за лекови во кој што децидно стои дека цената на лековите ја формира Бирото за лекови при што цените односно маржите, данокот во големопродажба ќе бидат од 9 до 15%, а цените односно маржите во малопродажба ќе бидат од 15 до 30%. Значи тоа е комплетен механизам како Владата, како власта, како Бирото за лекови ќе влијае директно врз цената на лековите да бидат тие контролирани. Да ве потсетам во едно минато време маржата на тие лекови изнесуваше од 40% до 1200%.

Ќе ве потсетам дека во аптеките сега веќе гужви нема затоа што Буџетот за лекови кои што идат на позитивна листа е зголемен. Во 2003 имаше 16 милиони евра Буџет за лекови на позитивна листа. Оваа година ќе имаме 24 милиони евра, значи за 9 милиони евра е поголем Буџетот за лекови во оваа година. Тоа е знак дека Владата има контролен механизам и дека Буџетот за лекови ќе биде зголемен. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Прво, господине Пачемски, навистина не знам дали живееме во две различни држави и дали се среќаваме со исти граѓани, бидејќи граѓаните кога не среќаваат, прво и основно што се жалат е не дека нема гужви во аптеките, нема лекови и не дека не се намалени, туку на некои лекови навистина им се покачени цените. Не знам сега како да се објаснуваме. Ние овде можеме да кажуваме колку Владата е успешна, колку добри мерки предложила, колку се грижи за граѓаните, но граѓаните не го чувствуваат тоа, се жалат дека нема лекови. Со парите од пензиите не можат да ги купат лековите, а не да размислуваат за другите животни трошоци. Навистина не знам дали со вакви говори ќе ги убедиме или треба нешто да се направи.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор господин пратеник Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Можеби во секоја нормална држава ваков тип на закони и одлуки на Владата би поминувале со минимум дискусија, но пристапот кој оваа Влада го одбра, кога се носат дури и едноставни закони во делот на економската проблематика прави целата ситуација да има многу голема доза на политика, многу голема доза на отсуство на економски резултати, најмалку економски бенефит. Апсолутно се коректни забелешките и резервите што дел од пратениците од опозицијата ги искажуваат. Инаку, апсолутно да прашате било кој граѓанин во светот, дали сака пониски даноци, тоа ќе ви го кажат. Од тие причини, како практична одлука, јас ќе ја поддржам одлуката, но апсолутно сакам да искажам и неколку размислувања во таа насока. Затоа би им препорачал на оние кои учествуваат во изготвувањето на анкетите на јавното мислење, а со врхушката на ВМРО-ДПМНЕ, да не се замараат и упорно да поставуваат прашања дали граѓаните поддржуваат или не, намалување на даноци, бидејќи не е тоа клучното прашање. Клучното прашање е дали со намалување на даноците се остваруваат конкретните ефекти или не. Ако ги поставите тие прашања кај граѓаните ќе добиете сосема спротивен одговор.

Апослутно немав потреба да говорам за тоа дали оваа мерка била популистичка или не, тоа веќе се констатира и во јавноста. Впрочем да не беше популистичка мерка од страна на Владата, немаше четири дена да зборуваат за четири парчиња од оваа одлука, Предлог на закон што ги донеле на една седница, притоа се редеа премиерот, министрите, не баре цел фудбалски тим за четири члена од овој закон, се извинувам, али не и од овој закон кои се донесени со едно гласање на седницата, а се претставува четири дена, можеби и повеќе, пет, во јавноста, како специјална одлука на Владата.

Да ве потсетам дека Владата овој пристап го наметна од самиот почеток. Со големи фанфари и помпа најави, ќе го намалиме ДДВ од 18 на 5% за земјоделските суровини и репроматеријали. Јас не знам дали министерот Трајко Славески прошетал низ Македонија, таму каде што беше за време на кампањата и да најде еден производ во едно место каде врз база на таа одлука на Владата, ја има намалено својата вредност. Значи тоа не е точно, тоа го покажува праксата, не декларативно да го тврдиме или не.

Дополнително, кога Владата одлучи да донесе одлука за воведување на рамен данок, неколку пати јас лично и останатите мои колеги побаравме и од Груевски и од Славески да дадат проценка или во тоа време претпоставка од страна на Владата што тоа ќе значи, поголеми даноци и на кој начин, поголемо заживување на економијата и на кој начин, да се види претпоставката, бидејќи една сериозна Влада, а такви матрици има во Министерството за финансии, мора да има одредена претпоставка како што сега за прв пат, јас мислам ова од ѓутуре е дадено, ставаат една реченица дека ова ќе чини 16 милиони евра помали ставки во БУџетот. Со таквата своја одлука денес, после одредена временска перспектива, можеме да видиме дека државата со намален данок, со воведување на рамниот данок, кај персоналецот и кај добивката, остварува повисоки приходи за кои не е точно дека се резултат, наводно, на зголемената активност на Управата за јавни приходи. Точната и единствената коректна информација, а тоа веќе го потврдува и ММФ и сите оние кои објективно влегуваат во анализа на економијата, се должи на проширување на основата на зафаќањето. Во тоа е популизмот на оваа Влада, кога ќе рече јас ги намалив даоците, а во исто време тајно, за јавноста која не ги знае тие работи, ќе ја прошири основата и во маса на средства така ќе зема повеќе пари од касите на фирмите, односно од џебовите на граѓаните, да не ги споменувам дополнително донесените видови на давачки со кои сега во месец септември можме да констатираме дека за оваа една година нето ефектот на Владата е зголемувње на даночното оптоварување на фирмите и на раѓаните. Ако некој не верува во тоа, треба да влезе во секоја мала и средна фирма и тоа да го констатира, кај поголемие текстилните, со зголемувањето на друг вид ридонеси имате ист таков ефект.

Денес доаѓаме до предлог на Владата за намалување на стапката на ДДВ кај четири позиции и апсолутно јас се согласувам со сите оние кои тврдеа дека ова е потег заради потег, дека ова е одлука заради одлука која има краткорочна медиумска употреба. Гледајќи ја работата на Владата мислам дека тие згрешија во својата проценка дека толку бомбастично ќе ја употребат оваа длука и дека таа ќе им користи за покривање на се повеќе сачестените скандалозни и коруптивни афери кои излегуваат во јавноста и мојата претпоставка е дека Владата за да ги покрие новите афери кои излегуваат а зад кои се

кријат, пак ќе има некоја слична ваква одлука, не знам само кај која позиција. Нормално, тоа е реакцијата на Владата на Груевски која одлучува да настапува повеќе медиумски отколку реално. Во таа ситуација роценија дека наводно со ваквите одлки ќе покријат некои работи, не успеаа во тоа, се отворија нови сакндали. Сега мора да има некоја друга одлука која ќе се обидат да го покријат она што се случува во делот на ОКТА, во делот на хотелската Орка, во делот на становите, во делот на ред други работи, индустриското производство паѓа, го нема министерот за финансии, Груевски и Ставрески така триумфално, како Наполеон во Париз да излезат и да речат, видете 10% рипна индустриското производство во првите три месеци. Сега во Македонија е Мисијата на ММФ, некои информации говорат дека тука веќе владее одреден вид на паника во Министерството за финансии и заводот за статистика што сега треба да ги прикажат новите податоци и падот во континуитет, заклучно со овој месец индустриското производство во однос на минатата година, или пак ако ги земеме и штелуваните податоци на оваа Влада, ако се фалеа со 10% раст во првиот квартал, сега имаат раст од прилика 3,6%. Значи дури и со такви штимани податоци.

Логично е, во пристапот на Владата да покрива нешто што не е добро односно е негативно, со најава за нешто што е наводно добро, да продолжи тоа да го прави и во следниот временски период.

Бидејќи министерот за финансии се смета себе си за проминентен економист, треба, кога од прилика, бидејќи не го добивме тоа по длабоко анализирање, требаше да каже дека, еве ќе тргнам од назад, ако говориме за превозот на лица и се она што тука е дефинирано, веќе во Република Македонија и со постоечката ставка на ДДВ, имаше одредено намалување на цените но кои се резултат единствено на конкуренцијата, дополнително да каже дека до овој момент од најавата на Владата, бидејќи сеуште е најава, сеуште не сме го изгласале овој закон, најава за намалување на цените најави само Јавното претпријатие, значи претпријатието што е во сопственост и кое дефакто сеуште го управува Владата, Македонски железници. Тука дополнително треба да се каже дека со тој квалитет на услуги што ги пружа Македонски железници, апсолутно не го гледам бенефитот кај граѓаните што ќе намалат кај граѓаните, на пример картата ќе чини 20 денари помалку, нормално до колку тоа се случи. Во исто време заборавате да кажете дека ако се усвои Санационата програма на Македонски железници, ако се точни написите во медиумите дека повеќе од 100 милиони евра ќе треба да се дадат од Буџетот, односно од парите на граѓаните за чистење на долговите на Македонски железници, бидејќи ако сте една паметна и сериозна Влада, мора да ги носите потезите со проекција дали тоа ќе значи добро на крајот. Значи во таа бенефит анализа дали оваа одлука ќе има резултат од другата страна, или ќе нема. Овие потези колку и да звучат популистички добро, не претпоставувам дека ќе имаат сериозно влијание на крајот во цената на производите и тоа од неколку причини. Тоа веќе го знаеме како факт во делот на земјоделските производи кои не се намалија, знаеме дека повеќе од 90% во превозот на Република Македонија учествуваат приватни компании кои ја формираат цената на своите услуги врз база на понудата и побарувачката и претпоставувам дека намалувањето на ДДВ во овој случај пак ќе оди во нивните џебови, како што тоа беше направено кај земјоделските суровини и репроматеријалите. Нормално ако тоа можат тие да го издржат, а граѓаните да го платат, тогаш е добро за нив и генерално за економијата и едноставно потегот за намалување на ДДВ кај јавниот превоз нема да се почувствува воопшто никаде, освен во билансите на Буџетот каде министерот за финансии, ако остане министер за финансии, на крајот на годината кога ќе ги прави билансите ќе мора да покрие одредена дупка со одредени пари, па ќе повлече од други фондови за да ја затвори оваа дупка, ако е точно, од 16 милиони евра и тогаш нема да ни соопшти на чија штета ги земал парите, дали намалувањето на парите во фондот за магистрални патишта и се поголемото трансферирање на овие средства за плати и ред други работи, ќе бидат негативни затоа што на пример треба да значат нешто за инфраструктурата, како што, да биде парадоксот поголем, најавуваат во следните години, ќе видиме како тоа ќе изгледа, изградба на 40 дипломатско конзуларни претставништва, купување, за кои од прилика прогнозирате 40 милиони евра за кои патем во овој буџет имате само пет, значи лага е само дека ќе почнете да работите за 140, остатокот ќе го барате во девизните резерви кои што патем доаѓаат во голем дел оваа година од продажбата на ЕСМ и на крај не ја соопштувате работата, клучната аналза, дали со тоа Македонија ќе добие или ќе изгуби. На пример ако плаќала 600 илјади евра или долари за трошоците на сите ДКП во овој момент, а 40 милиони евра ќе треба да се одвојат за таа мрежа, математиката покажува дека 70 години колку што ќе плаќа Република Македонија ако остане на овој обем, некој ќе треба да ги потроши од парите на граѓаните, ставени во девизни резерви или во буџет, се едно, за една до две години, нормално ако во меѓувреме не се откажете. Тоа го говорам бидејќи секоја одлука се носи за да це извади максимумот. Дали овие пари кои сега ќе бидат како дупка во Буџетот, дури да се само 16 милиони евра, ќе се покријат со пари кои можеби се поприоритетни. Таков одговор или таква анализа до сега не видовме.

Во делот на изградбата на термални сончеви системи и компоненти, ја поддржувам помошта од страна на Владата, иако таа е минимална во делот на барање на алтернативни извори на енергија, но мислам дека и во овој случај проблемот не е во високиот ДДВ, проблемот е во сеуште недоволната конкуренција во овој сегмент

кој ги држи цените сеуште на високо ниво. Ако се либеларизира овој потпазар и се овозможат друг тип на субвенции, на ваквите фирми, тогаш циниte сами по себе ќе паднат. Јас очекував Министерството за финансии да излезе и да рече во ред, дел од средствата да ги инвестира во мали и средни претпријатија кои ќе се занимаваат со производство, иновации, во исто време на ваквиот извор на алтернативна енергија и на тој начин кога ќе се прошири конкуренцијата, цените сами по себе ќе мора да паднат, бидејќи пазарот тоа ќе го диктира, а не ДДВ. Овде ефектот апсолутно ќе биде минимален. Тоа можеме да го констатираме можеби на пролет кога овие производи најмногу се купуваат, не сега кога доаѓа зимата, па ако сте до тогаш министер ќе ги погледнеме заедно цените.

Во делот на компјутерите или машините за автоматска обработка на податоци, исто така треба да бидеме коректни и да спомнеме дека веќе во континуитет, заради други одлуки и други аранжмани на Република Македонија, постепено се намалуваше царината и добро е што сепак конкуренцијата во овој сегмент, мислам во оваа ситуација е најзрела и најдинамична и Македонија не може да се пофали со екстремно високи цени. Тие не се екстремно ниски, како што е да речеме во една Кина или Тајван, но компарирано со останатите држави во регионот, се наоѓаме на некое средно ниво. Значи прогрес во овој дел веќе има, бидејќи самите фирми за да опстојат на пазарот, до тој степен ги спуштаат своите, кога говори гинекологот Пачемски за маржите, до тој степен ги спуштаат цените што веќе го вкалкулираа намалувањето за да може да опстојат на пазарот. Така што, мислам дека намалувањето на ДДВ ако не биде прифатено од доминантните учесници на пазарот во овој дел, дека тие ќе си ги вкалкулираат во своите приходи и повторно ефектот нема да биде речиси никаков.

На крајот, доаѓаме до лековите и медицинските помагала за кои мислам дека во принцип имаат најголем импаг во животот на граѓаните и доаѓаме до една клучна работа која ваквата одлука ќе ја помножи со нула веднаш и резултатот ќе биде нула, а тоа е дека во континуитет концептот на новата влада од самиот почеток, тука немаме време и нема потреба да излегуваме од темата и да споменеме дали тоа е заради бизнис интересот на Жан Митрев, на Кедев и на некоја друга екипа од раководството на ВМРО-ДПМНЕ, се едно, тоа ќе го покажат фактите како што сега се случува со хотелска Орка, интересот на оваа Влада беше да го замени трпеливо, градениот, нормално со сите мани и проблеми, концепт на социјално здравство, со концепт на пазарно здравство во кој во една многу чувствителна област, влегува со претежно чисти економски законитости, кој има пониска цена тој може да опстои, нормално ако има пристап до таквите производи, но на крајот кога таков пристап имате кај здравството, штетата паѓа на корисноста и на видот на услугата кај граѓаните и тоа сега ни се случува. Вие велите фондот за здравствено осигурување брзо ги подмирува своите обврски спрема добавувачите. Дури и да земам дека тоа е точно, заборавате да кажете дека фондот сега набавува скоро 1/3 помалку лекови во однос на претходниот период и како резултат на тоа кога ќе отидете во болниците и во аптеките, лековите ги нема. Сега во ваквиот пристап, наводно менаџментот и фондот за здравствено осигурување работи добро, во ред тоа е една дробка од целиот систем, ама таму каде што е најбитно имаме најголеми проблеми, граѓаните ги немаат лековите. Кога ги немате лековите што се пониски морате, бидејќи немате право на избор, да купувате лекови што се поскапи што имаат повисока вредност. Во таква ситуација ваквата одлука не се гледа, не се гледа апсолутно. Јас не знам, во моментот немам, имав но не за оваа седница, неколку примери каде ќе можете да видите од примери на граѓаните, како тие се приморани, заради недостигот, заради можеби вештачки правената криза, се приморани да купуваат поскапи лекови. На тој граѓанин, намалувањето на ДДВ од 18 на 5% не му значи ништо, бидејќи на крајот тој мора да ја плати повисоката цена, бидејќи нема право на избор. Нема право на избор дека во прашање е здравјето. Се на се, кога на тоа ќе се додаде и катастрофалниот концепт за таканаречената трансформација на Клиничкиот универзитетски центар, ќе се доведеме во ситуација, сега не знам кој концепт ќе профункционира дали заедничките служби ќе набавуваат лекови за сите и тука ќе има главен збор министерот за здравство кој претпоставувам има добра бизнис мотивација за такво нешто, па сега отиде во Малезија да ги бара компаративните искуства, или пак ќе се остави на самите клиники да ги намавуваат лековите, каде ВМРО - ДПМНЕ е многу доминантен и присутен со всвојот директорски арсенал, за разлика од останатите коалициони партнери, па ќе си ги поделат сферите на влијание, бидејќи НСДП и Тито Петковски се откажа од своите кандидати во здравствениот клинички центар, веројатно тоа не е последното од што Тито Петковски ќе се откаже за да остане во владеачката коалиција.

Но тоа говори дека во цела оваа работа имате единствено бизнис или пазарен пристап, кој што на крајот не може да се валоризира со подобра услуга, подобар квалитет и пониски цени на производите, генерално за овие 4, за кои што говориме кај граѓаните на Република Македонија.

Оттаму мислам дека ако Владата нависитна има сериозна желба да овозможи поголем дел од средствата да останува кај граѓаните, а тоа да го направи преку намалување на финалната цена на проиводите. Тоа треба да го прави на многу поосмислен и сериозен начин. Вака останув аконстатацијата дека ова е потег заради потег, идеа заради идеа и популизам заради популизам, но тој трае една недела. Вие ова сакате да трае повеќе од 4 дена, не ви успеа бидеки се случија други работи што ви ги избришаа овие работи. Дали ќе влезете во нов циклус на популизам заради популизам и на тој начин ќе си ги кратите

оние инструменти кои што ви стојат на располагање како држава, а претпоставувам дека веќе следната недела, бидејки можеби во Макеоднија се подготвуваат и други анкети на јавното вмнение, ќе има повеќе апсења, погоелми популистички потези, ќе има многу повеќе фалења кои што ќе трајат наместо 4 дена, 8 дена, ама тука ќе застанат додека на крајот како што велат старите “не се сведе есапот” и ќе можеме да констатираме што е тоа што добро сте направилеодносно што е тоа што не сте го направиле а сте го ветиле. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за пратеникот Илија Китановски, повелете.

**Илија Китановски:** Благодарам господине потпретседателе.

Накратко сакам да реплицирам во две поенти што ги кажа колегата Ивановски.

Прво, генерално дека на закон кој што опозицијата го подржува наоѓа толку многу аргументи и жестина за да го напаѓа што можеме д аочекуваме за закон кој што помалку го подржуваат или не го подржуваат. Меѓутоа тоа е веќе прашање на тактика и на стратегија.

Инаку, сакам да реплицирам да две работи кои што ги спомна колегата Ивановски, а тоа е дека Владата недостатокот на средства сонамалување на ДДВ кој што ќе се јави во Буџетот го покрива со проширување на основицата на оданочување, со основицата на базата на оданочување и тоа го смета за негативна работа. Напротив, и во економската теорија, тоа треба да го знае колегата Ивановски и во практиката добро е да се зголеми базата и основицата, затоа што тоа значи во принцип што повеќе субјекти учествуваат на пазарот и да бидат предмет на оданочување односно да бидат даночни обврзници на било кој данок. Автоматски, согласно со тоа тоа значи инамалување на сивата економија. Значи, не е негативна работа, во таа конотација го кажа колегата, или јас така го разбрав дека намалувањето на средствата во Буџетот по основ на намалување на основицата на ДДВ од 18 на 5% ќе ја покрива со проширување на основицата на оданочување, што би било негативно. Напротив тоа е позитивен чекор и во теоријата и во праксата.

Исто така сакам да реплицирам на тезата дека намалувањето на ДДВ нема да има ефекти врз намалувањето на малопродажните цени. Тоа е исто така економска бесмислица теортски и практично. Значи, не може да нема влијание.

Освен во ЈСП и во некои други дејнсоти каде што имаме некој вид на монополска положба, или полумонопослка положба кај сите останати учесници на пазарот кој што ги даваат овие услуги, или ги продаваат овие производи кои што се сега предмет на намалување на ДДВ со овој закон, пазарот и пазарната конкуренција ќе си гонаправат своето. Значи, пазарните законитости ќе си го сторат своето и ќе ги намалат цените. Колку тоа ќе биде и во кој период ќе биде тоа ќе покаже практиката и иднината, меѓутоа по дефиниција финансиски значи намалување на цените на тие рпизводи.

Мислам дека секое друго теоретизирање на таа тема не ево согласност со економската логика. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам коелга.

Една минута контра реплика за пратеникот господин Игор Ивановски, повелте.

**Игор Ивановски:** Господине Китановски, дозволете да ви се заблагодарам што го потврдивте тоа што СДСМ го зборуваше цело време , а вашата Влада го негираше. Тоа е дкеа Владата одлучи да ја прошири основицата не на субјектите, туку внатре даночната основица на која што се пресметува данокот. На тој начин земајки повеќе пари од нив, а прикажувајки војавноста дека наводно имало намалување на ставката на ДДВ. Значи,на тој начин повеќе пари од фирмите кај Владата, односно кај Буџетот, а популизмот останува дкеа е намалено. Тоа не е претпоставка, тоа не е теорија, тоа е пракса. Ве молам, отидете во Кичево, прошетајте, влезете во две, три фирми прашајте ги колку сте плаќале данок, колку плаќате сега. Во тоа е конкретната ситуација, како и за овие намалувања цените нема да одат надоле. Трговците ќе си ги калкулираат тие вос воите приходи и објаснувајки други ситуации вие ќе бидете немоќни тоа да го направите.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за пратеникот Зоран Петрески, повелете.

**Зоран Петрески:** Колега Ивановски мудрите луѓе рекле дека понекогаш не е важно колку многу зборувате, тукубитно е што ќе кажете. Се обидовте надолж и попреку да ја анализирате комплетната состојба во Република Македонија и да ја прикажете во светло кое што вие го гледате. Тоа понекогаш како опозиција го имате за право. Се обидовте да анализирате многу економски состојби, веројатно и то аго можете, претпоставувам дека сте имале добри професори по економија кои што ви овозможиле образование за да можете тоа да го правите. Но на крајот на денот, она што е битно е дека во овој момент Владата има понудено закон со кој ефектите од тој закон ќе бидат намалени цени на неколку производи. Тоа е важно во овој момент. Се друго што ќе зборуваме е само обид и една позитивна работа да се сокрие на Владата. Така да добро е понекогаш да се надминете и да кажете овој законски проект на Владата е добар и ние како опозиција ќе го пдоржиме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Една минута контра реплика за пратеникот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Господине Петрески ваквите муабети ги слушавме кога пред една година го намаливте ДДВ за земјоделските материјали. Па, денеска после една година, како што то абеШе првиот ден откако гонамаливте ниту еден производ не се намали. Тоа е факт. Денеска ние носиме закон за намалување на цени.

Прошетајте, ако уште шетате низ Македонија, ако не ви е срам, ќе отидеме во некој град каде што вие сте биленосител или член на избирачката листа, ќе влеземе во една аптека и Ќе речеме колку чинипосле овој закон лекот? Колку чини превозот на приватниот превозник, ќе одиме до Куманово, или не, дали ќе биде поефтино или не. Немојте да теоретизирате. Јас ви зборувам со конкретни ефекти, намаливте еден ДДВ нема намалување на цени, воведовте рамен данок повеќе пари земате, ветивте намалување на даноци воведовте нови. Ако некој треба да се надмине тоа треба да се надмине Владата и да рече ова го правам за да ги покрија аферите и скандалите. Не заради економијата.

**Иван Анастасовски:** Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вреднсот.

Пред да ве повикам да гласаме  ги повикувам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе поминеме на гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Почитувани колеги ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните рпатеници во салата0.

Во моментот на гласање во салата беа присутни само 59 пратеници го поништувам гласањето.

Во моментот влегоа колеги пратеници и сега имаме доволне број на пратеници.

Повторно ве повикувам да гласаме.

На повторното гласање вкуно гласале 69 пратеници, од кои сите 69 гласале за, нема воздржано,нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои сите 67 гласале за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Прелдогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за додавање на два нови члена 2 и 3 по членот 1 и за пренумерација на членовите 2 и 4 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Слободан Најдовски, Јован Манасиевски, Ристо Пенов и Роза Топузоа Каревска поднесоа амандмани на член 1 став 1 на воведната реченица и за додавање нова точка 12 по точката 1 и на член 1 став 2 за додавање нова точка 3 по точката 2 и на член 3 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Слободан Најдовски, Јован Манасиевски и Роза Топузоа Каревска поднесоа амандмани на член 1 став 2 за додавање нова точка 3 по точката 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Слободан Најдовски и Роза Топузоа Каревска поднесоа амандмани на член 1 став 2 за додавање нова точка 3 по точката 2  по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 на воведната реченица и за додавање нова точка 12 по точката 13 поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Јован Манасиевски, Ристо Пенов и Роза Топузоа Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник, господин Слободан Најдовски, повелте.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседател, јас пред малку бев кај вас за едно дообјаснување.

Со оглед на тоа што ние како пратеници не го добивме редоследот за кои амандман како ќе се расправа, би ве замолил, со оглед на тоа што за исти членови, исти точки, имаме исти амандмани и сега министерот нека ми каже кој амандман го одби.  Затоа ве молам да го прочитате амандманот за што се однесува,не само точката, амандманот.

**Иван Анастасовски:** Почитуван колега и вие добро знаете дека над 10 амандмани се прави список на редослед. Јас можам само за допрецизирање повторно да го повторам амандманот кој претставникот на Владата го одби.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе само ова кажете, бидејки членот 1 став 2 точка 2, се додава нова точка 3, имате три амандмани на тоа и ве молам да кажете дали е такса за пазариштата, дали е за интернет услугите.

**Иван Анастасовски:** Во сценариото го нема напишано архивскиот број.

**Слободан Најдовски:** Ги имате амандманите кај вас.

Ве молам  министре, кој амандман го одбивте, за што се однесуваше?

**Иван Анастасовски:** Кроз 5. Еве ако сакате архивски број, вие ќе најдете кај вас, кроз 5. Тоа е првиот амандман што го прочитавме и што го одби претставникот на Владата.

**Слободан Најдовски:** Тоа ли е за станови за живеење.

**Иван Анастасовски:** Да. Кроз 5. Еве јас ќе си земам за право, бидјеки го нема во сценариото, ќе ви го кажам архивскиот број за да имате вие подобра прегледност.

Повелете коелга сега имате збор.

**Слободан Најдовски:** Не. Благодарам. јас само за процедурално се јавив.

**Иван Анастасовски:** Мислам дека се објаснивме. Го прифаќам вашето, меѓутоа ви реков дека над 10 амандмани се прави список.

За да биде појасно, јас ќе го читами архивскито број на амандманот кој е поднесен за да имате и вие подобра прегледност и претставникот на Владата.

**Слободан Најдовски:** Во ред, ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник господин Ристо Пенов, повелете.

**Ристо Пенов:** Благодарам потпретседателе.

Пратеничката група на ЛДП ги поддржува измените што Владата ги предложи на законот за ДДВ, но притоа предлагаме и неколку амандмани и дозволете ми за нив прво начелно да кажам неколку збора.

Зошто предлагаме додатни амандмани? Ние тоа го правевме и на почетокотна работата на овој парламентарен состав кога парламентарното мнозинство одби, потоа предложивме посебни закони за да се направат овие измени, тие не дојдоа на дневен ред и сега повторно при намалување, односно при измените на овој закон предлагаме нови амандмани. Зошто?

Прво, генерално. Затоа што оваа Влада, новата Влада на Република Македонија откако го презеде управувањето со Република Македонија, во минатата година го зголеми Буџетот со ребалансот за 100 милиони евра, потоа со овогодишниот ребаланс на Буџетот го зголемивме Буџетот за 100 милиони евра и еве веЌе го имаме добиеноновиот ребаланс на Буџетот со кој Буџетот се зголемува за нови 20 милиони евра. Ако земете вкупно значи за само година дена новата Влада има на располагање додатни 220 милиони евра повеќе од она што го имала претходната, или кое што е според нас доволно за работа и за остварување на политиките на една Влада.

Вкупните ефекти кои што Владата ни ги предложи до сега и со овој закон, со намалувањето на даноците и за добивка и за ДДВ, или другите намалувања изнесуваат нешто над 20 милиони евра. Значи, цели 200 милиони евра се трошат повеќе, и што е уШте позагрижувачко се трошат нерационално.

Само да ве потсетам, 200 милиони евра се доволни да се изгради и патниот правец кон Прилеп и Магистралата штоја предлагавте во изборната кампања од Бугарија преку Свети Николе. Значи, тоа се огромни пари. Тие можат да ја санираат компелтно железницата и т.н. и т.н.

Имаме нерационално трошење на тие пари во изградба на фисклутруни сали и т.н. Јас само еден приемр ќе викажам. Неодамна бев во Валандово каде што е пуштена и првата и нов афускултурна сала. Граѓаните се радуваат, лита градба, без ладење и греење, но сепак е некој ефект за Валандово. Граѓаните се задоволни, но таа само недела дена после пуштањето во употреба е заклучена. Училиштето нема пари да ја одржува, не може да вработи нови луѓе. Значи, говорам за нерационално трошење на парите.

Многу порационално е парите да се остават кај граѓаните или кај стопанскtие субјекти кои ќе знаат многу порационално да ги користат овие пари.

Токму затоа нашата иницијатива предлага во неколку сегменти да оствариме додатно намалување на данокто за додадена вредност, затоа што ефектит еод него се преголеми, зафаќањата се преголеми.

Во конкретниот случај предлагаме да се намали ДДВ за продажба на станови. Сметаме дкеа станбената изградба комплетно е замрена и дека поради потребата за станови, гледаме што се случува при неуспешната распределба на социјалните станови,Собрание е покажува колкава е потребата за домување кај граѓаните на Република Македонија. Тоа е мотивот за да со една мерка влијаеме да се намали цената и таа изградба да почне поинтензивно да се работи во Република Македонија.

Не можам да го прифатам образложениeто кое што Владата ни го даде писмено за одбивање на овој амандман, бидјеки ако се намалилапродажбата на становите тогаш оние што градат станови ќе го вградат ДДВ во цената, затоа што за репроматеријалите не им е намалено.

Тоа може да се однесува за секое намалување на ДДВ -то, па дури на ова кое сега го предлагате, кое ние го поддржуваме, намалувањето на ДДВ-то за лековите. Тоа редовно ќе се случува ако не следат серија други мерки. Тоа се случи и со намалувањето на данокот на репроматерија за земјоделството. Сега се тие повисоки затоа што не следеше додатна лепеза на мерки која ќе ја зголеми конкуренцијата или ќе ги принуди оние што продаваат такви продукти да ја намалат цената.

Тоа и нам ни се случи во 2003 година со најголемото, во историјата на Македонија, намалување на даноците за 5% и десетици и десетици милиони евра изразено, но ефектот денеска се виде од расправата, а тоа го чувствуваат и граѓаните дека тогаш не се постигнало ништо, туку се паметат само оние зголемувања на ДДВ кои беа неминовно потребни за да се покријат дупките кои настануваат на тој начин.

Мојот апел е овие амандмани посериозно да ги разгледаме. Се остваруваат огромни приходи во државата. Тие нерационално се трошат кога ќе дојде ребалансот и за следните ќе разговараме. Потребно е малку повеќе совест кон граѓаните, да им оставиме дел од парите кои се остваруваат во

нивните џебови, тие подобро ќе знаат да ги користат.

Затоа го предлагаме овој амандман и затоа бараме поддршка за негово усвојување. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 14, воздржано 1, против гласале 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2, за додавање нова точка 3 по точката 2, поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Јован Манасијевски, Ристо Пенов и Роза Топузова Каревска под архивски број 07-3688/2.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Овој амандман не може да се прифати затоа што е технички неисправен.

Се однесува за пазаришната такса која е комунална услуга и не може да се подведе под овие ставки кои се оданочуваат според Законот за ДДВ.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе,

Министерот, одбивајќи го амандманот по десетти пат кажува, кога некој пратеник нешто ќе предложи, технички е неисправен амандманот. За да го поткрепи тоа свое кажување кажа дека заради тоа што спаѓа во комунални услуги е, затоа бил технички неисправен.

Господине министер, би сакал да ве замолам нешто. Можно е пратениците некогаш да направат некоја техничка грешка. Во овој случај не е така, но можно е. Неколку пати сум ви рекол, овде имате 120 пратеници и секој сам се подготвува. Сам пишува амандмани, сам поднесува, сам бара образложение, мора да моли некого (министерот покажува на купот хартија во салата) повелете министре ... Да, ние го направивме тоа, одредени пратеници сами го направија господине министер.

Сепак пратениците успеваат аргументирано да ви се спротивставаат вам, вас ве подготвуваат 500 вработени во Министерството, можеби сум ја згрешил бројката но еве 300 нека се. Секој пратеник успева иако ги критикувате, успеваат да ви се спротивставаат и вие немате аргументи да ни се спротивставите за она што ние го предлагаме и сакате да кажете не е технички исправен, пратеникот не знаел да го напише. Илјада посто ви гарантирам и за тоа сум подобар од вас не заради нешто друго, туку заради искуството што го имам во Парламентот за амандманите технички да бидат исправни.

На крајот на краиштата немојте да ги потценувате тие, и онака се минимални служби во ова Собрание на Република Македонија кои нон стоп работат со нас и ги прават тие, мислам на Секторот.

Би ве замолил во иднина тоа да не го користите како аргумент за одбивање на амандманите.

Сега сакам да преминам конкретно на амандманот.

Ако за некои амандмани кои ги имаме поднесено за намалување на стапката на ДДВ ни враќате веднаш контра, што е демократски исправно дека ние пред неколку години, во 2003 година сме ги зголемиле од 5 на 18% и кое е нашето морално право да бараме намалување иако во тоа не гледам ништо спорно. Ова е амандман кој и порано бил 19%, а ние сме го намалиле на 18%.

Амандманот се однесува на пазаришната такса на зелените пазари. Моето скромно искуство од четиригодишно раководење на пазар, ми дава за право да кажам дека во Владата не ја разбираат оваа проблематика и само ќе ве потсетам. Пред неколку месеци, можеби десетина, овде во овој Парламент се расправавме и ви кажав дека ви е погрешен начинот за фискализација на пазарите. Не бев против фискализацијата, туку начинот што го предлага Владата и тогаш ми се спротивставија од Владата и тогаш исто како што сега вели министерот технички ви е неисправен амандманот, тогаш еден заменик министер од друго министерство ми кажа дека е ова сосема вака и од 1 јуни или од 13 јуни ова ќе биде спроведливо.

Но, господине министер денеска сме 13 септември, не го спроведувате законот кој вие го донесовте, мислам на парламентарното мнозинство. Знаете зошто. Затоа што е неспроведлив на начин на кој вие го предложивте во овој Парламент. Со аргументи ве убедував дека тоа не може така, дека не е добро така, дека е неспроведливо. Сега некако ми замолчавте овие 2-3 месеци, ве нема. Можеби и тоа е во склоп на кампањата за предвремени избори па секој малку што ќе ви се спротивстави, веднаш се повлекувате. Сега вие треба да одговарате зошто не го спроведувате Законот.

Во склоп на тоа сакам да укажам и на овој амандман. Моментално за користење на тезгите по пазарите во Република Македонија се плаќа 18% на услугата која ја даваат организаторите на пазарите во одредени средини, приватни претпријатија, во најголемиот дел во Република Македонија јавни претпријатија. Вие велите не можете да го прифатите амандманот заради тоа што е комунална услуга, услуга што ја дава јавно претпријатие. Ве молам министре, каква е услугата што ја дава Јавното претпријатие за градски превоз во Скопје на кое сега му ја намалувате стапката. Немам ништо против тоа,

но самите одбивајќи го амандманот влеговте во контрадикторност.

Зошто треба да се намали оваа стапка. Мислам дека ќе помогне и во процесот на фискализација на пазарите. Имено, со воведувањето на ДДВ, порано јавните претпријатија до 1 април 2000 година откога се воведе ДДВ-то за услугите кои ги даваа јавните претпријатија како организатори на пазари воопшто не се плаќаше данок. Кога започна примената на Законот за ДДВ од 1 април 2000 година, еве за тоа што се фалите како ваш успех иако Законот го донесе претходниот Парламент, а не Парламентот кој почна да го применува законот, тогаш издавањето на тезги се оптовари од почетокот со 19% како услуга. Автоматски корисниците и земјоделците и оние кои беа регистрирани како трговци им се зголеми за 19% цената за користење на пазаришните тезги. Се јавија првите проблеми и кај корисниците и кај организаторите на пазарите. Сметам дека во склоп на намалувањето на стапките на ДДВ и за спроведување на процесот на фискализација на пазарите една од мерките која може позитивно да влијае намалувањето на таксата за користење на пазаришните тезги на пазарите во Република Македонија.

Ќе повторам, најголем дел, мислам дека две претпријатија во Република Македонија се приватни за организирање на пазари, во меѓувреме ако нешто се случило, останатите се јавни претпријатија на локалната самоуправа. Некаде самостојни некаде заедно со комуналните претпријатија. Нема ништо лошо да направите, напротив ќе ја подобриме состојбата да се намали цената на користењето на пазаришните тезги така ќе помогнеме и на земјоделците и ќе помогнеме за полесно останатите трговци да ја прифатат фискализацијата на пазарите.

Јас не верувам дека парламентарното мнозинство ќе го прифати овој амандман заради тоа што така мисли Владата, но, еве нека биде едно како почеток, па за следната година кога повторно ќе предлагате, нашите амандмани кои пред една година ги одбивте, сега ги преточувате дел во закон, па можеби и овој ќе го преточите во закон.

Но, сепак колеги пратеници за секои избори кога ќе дојде изборна кампања, изгледа сум единствениот што тогаш не одам да собирам гласови од луѓето по пазаришните тезги во Битола бидејќи сите ги познавам, а сите вие одите тогаш по пазарите. Ако тогаш одите по пазарите да им ги барате гласовите, сега помогнете на тие луѓе кои продаваат на пазарите и гласајте за овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 15, воздржано 2, против гласале 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2, за додавање нова точка 3 по точката 2, поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Јован Манасијевски, Ристо Пенов и Роза Топузова Каревска под архивски број 07-3688/3.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине потпретседателе.

Очекував министерот да образложи, да даде макар минимално образложение зошто амандманот не е прифатлив. Инаку, амандманот се однесува на воведување повластена даночна стапка за користење на интернет услугите. Навистина е необјасниво зошто без никакво образложение овој амандман се одбива пред се затоа што амандманот на приходната страна не само што нема да има негативно влијание, туку напротив, со намалувањето на оданочувањето реална претпоставка е дека ќе се зголемат приходите затоа што стапката на користење на интернетот во Република Македонија е сеуште многу ниска дури во регионални рамки, да не говориме споредена со европските репери, така што според сите реални анализи се очекува натамошна експанзија на овој сектор, што значи користењето на услугите ќе порасне, а по тој основ и Буџетот дополнително ќе приходува.

Навистина е нејасно зошто Владата наместо да стимулира експанзија на овој сектор кој има многукратни бенефити, се определува на некој начин со неприфаќањето на овој амандман да врши опструкција на развојот на овој сектор.

Доволна беше опструкцијата што со договорот за продажба на Македонски телеком што го направи оваа Влада во претходниот состав се создадоа многу пречки кои со упорна работа и со виталноста на бизнис секторот на некој начин успеаја да се надминат така што сега и во овој дел има една колку толку пристојна конкуренција.

Зошто е битно стапката на оданочување на интернет услугите да се намали?

Прво, како што реков, за да се зголеми користењето затоа што стапката е една од најмалите во регионот и на некој начин со зголемените цени на интернет и на граѓаните на Република Македонија не им се овозможува отворен и слободен пристап до изворите на информација. Докажано е емпириски и во развиените економии и во новорастечките економии дека користењето на интернет услугите има директно влијание и на побрзиот економски

развој, така што тоа е уште еден аргумент зошто Владата би требало да го прифати овој амандман.

На крајот на краиштата самото користење на интернет услугите придонесува за приближување кон европските информатички стандарди од кои, за жал, сеуште сме далеку.

Ваквото одбивање на овој амандман од страна на Владата всушност не можам да го разберам поинаку отколку како обид за прикривање на една комплетно промашена иницијатива на отворање на т.н. владини интернет кафулиња каде пензионерите бесплатно ќе користат интернет. Оваа иницијатива освен што беше маркетиншки обработена на теренот доживува апсолутно фијаско (галама во салата потпретседателот ги опоменува) и навистина се претвора во месни штабови или во изборни штабови на владеачката партија ВМРО-ДПМНЕ каде не се даваат интернет услуги, туку им се перат мозоците на граѓаните на Република Македонија.

Оттаму, наместо да се овозможи слободната иницијатива, Владата со непотребен трошок на отворање на овие интернет кафулиња всушност ја сотира и приватната иницијатива на многу граѓани кои имаат сопствена иницијатива да отворат вакви услужни објекти. Значи, пристапот на Владата е целосно погрешен, наместо дозволување на иницијативноста, на слободата на претприемништвото со еден примитивен државен интервенционизам со отворање на овие интернет кафулиња не се постигнува ништо друго освен што дополнително се прибираат парите на граѓаните и по основ на оваа ставка каде навистина, навистина нема никаква основа. Мислам дека одбивањето на овој амандман без образложение јасно говори за целото лицемерие на Владата во однос на развојот на целиот АИТ Сектор. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Се јавив за реплика поради тоа што очекував конструктивен приод, посебно од господинот Јован Манасијевски, меѓутоа, неговата дискусија поврзана со амандманот кој ЛДП го поднесе на овој закон навистина беше премногу популистичка и беше исполнета со празни зборови.

Зошто го велам тоа?

Практично, може да се провери, веројатно господинот Манасијевски знае која е цената на интернетот денеска и која беше цената на интернетот пред една година. Ако тоа не е доволно господинот Манасијевски може да ги провери статистичките податоци кои прецизно говорат колку корисници на интернет имаше пред една година, колку има сега. Сметам дека во таа насока непотребно се обидува да навлезе и не може да изнесе аргументи поради тоа што цената на интернет пакетот кој сега чини 500 денари во просек, пред една година кога тој и неговата партија беа на власт чинеа по 1500 и 2000 денари. Тоа е едната работа.

Другата работа: која е поентата на повластените даночни стапки. Повластени даночни стапки ние на овој начин на кој ЛДП го прави, можеле да поднесат 100 амандмани за 100 различни производи и услуги и да објаснуваат тука зошто треба или зошто не треба. Јас не велам дека треба или не треба, меѓутоа, велам дека концептот треба да го направи Владата, која влада и да е. Значи концептот треба да го направи Владата. Најчесто во сите држави во нашето опкружување со повластени даночни стапки се воведуваат услуги или производи кои се неопходни, неопходни за широк појас на граѓани на Република Македонија. И повторно не спорам дека Владата треба да направи многу за доближување на интернет услугите до сите граѓани. Пак ќе се повикам на податоците, меѓутоа, ќе ви кажам и неколку други работи. Не само во  интернет, доделувањето на ВАЈМАКС лиценците токму е тоа што предизвика предвремено дејствување на овие два големи интернет оператори во Република Македонија МТ Нет и ОН Нет со предвремено намалување на цените како би се подготвиле влезот на тие ВАЈМАКС оператори. Исто така, влегувањето на бугарско американската компанија во бизнисот со кабловски телевизии и најавата за оној трипол-пејп исто така предизвика драстично намалување на цените на интернет услугите. Сметам дека е во ред вашата иницијатива, меѓутоа, аргументите кои што ги користите на вас барем би ви доликувало да бидат на малку поконструктивно ниво со посериозни анализи. Вака како што вие кажавте изгледа премногу популистички.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Една минута контра реплика пратеник  господин Јован Мансијевски.

**Јован Манасијевски:** Благодарам.

Цените на интернетот во Македонија во споредба со земјите од регионот се сеуште дури и за 100% поскапи, а толку се скапи затоа што таков договор кој што вршеше опструкција на влегување на други играчи на пазарот генерално во телекомуникацискиот сектор токму потпиша сегашниот пермиер господинот Никола Груевски пред пет години и заради тој договор ние сеуште имаме проблеми, тоа е еден од клучните услови што повторно ќе биде и во овој извештај на ЕУ во ноември набележан како голема пречка на Република Македонија за добивање на датум на преговори. Значи сеуште пет години не се доволни да ги закрпиме последиците од еден непромислено потпишан договор. Како што гледаме тоа сега се случува и со други договори. Значи има простор за натамошно намалување и лошо е кога Владата, наместо фасцилитатор, олеснувач на тие процеси се јавува како опструктор. Едно со тоа што не прифаќа намалување на даночна стапка, друго што во сопствена режија, во државна режија отвора вакви услужни дејности.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор господин пратеник Лазар Китаноски.

**Лазар Китаноски:** И јас би сакал да го поддржам овој амандман од групата пратеници што се наведени од неколку причини, меѓу кои се следните. Овој амандман токму се вклопува во пакетот кој го предлага Владата, затоа што купувате играчка, а не знаете како ќе играте со таа играчка, кажано сликовито. Ако се намалува данокот за компјутери и други производи од тој тип, тогаш - министерот изгледа не користи интернет, заради тоа веројатно не го интересира ова и не слуша - значи господине министре, ако нешто има врска со вашиот пакет, тоа е овој амандман. Се намалува данокот за компјутери и тн. тоа што вие предлагате, а не се намалуваат интернет услугите. Тоа е нелогично од повеќе причини, затоа што Македонија има еден тренд на се поголемо користење на интернет, меѓутоа, тоа не е доволно и општо е познато дека денес оние држави каде граѓаните повеќе користат интернет економски се понапредни и одат со поголеми чекори во својот економски развој. Друго е прашањето ако Груевски си ја има мувата на капата, односно склучил договор со Телеком, па со тоа ќе биде оштетен Телеком, тоа е друго прашање, но не смејат да трпат граѓаните заради тоа. Во Македонија ние имаме интерес, особено господине министер бидејќи сте вие професор, знаете дека денес студентите, младите луѓе, за професорите да не станува збор, учениците од средно и основно училиште ако не користат интернет тие заостануваат во своето образование. Тоа е алфа и омега на современото образование. Ме чуди дека вие како министер не го поддржувте овој амандман, односно не го убедите господинот Груевски како премиер да промени некои свои ставови бидејки тоа е од интерес на голем дел пред се од младата генерација. Ајде постарите можеби - тоа со интернет за пензионери беше толку смешно што не би го коментирал навистина, трагично беше, жално, човек да седне да плаче и да не знае зошто. Меѓутоа, младите кои се желни за знаење и комуникации, ова ќе им биде добредојдено намалување на користење на нивните услуги. Ве молам уште еднаш рзмислете, бидејќи токму се совпаѓа со пакетот кој вие го предлагате како министер. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник господин Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Уште еднаш и последен пат ќе се обидам да ги објаснам моите перцепции во врска со овој амандман. Јас ја прифаќам улогата на опозицијата дека треба да работи против Владата дека треба да се обидува да го намалува рејтингот на Владата и до некаде да успорува некои процеси, меѓутоа, грубото критизерство во одредени ситуации е непријатно не само за политичарите туку и за граѓаните на Република Македонија кои условно кажано припаѓаат на левата, десната опција или на било која политичка партија во Република Македонија. Денес во еден од дневните весници половина од насловната страница има "конечно брз интернет чини колку евтина пица". Внимателно го прочитав текстот внатре кој што стои и уште еднаш би објаснил. Повластените даночни стапки се применуваат врз база на стратешки концепт на една влада.

Господине Китаноски, вашата Влада во минатиот мандат одлучи од повластена даночна стапка да ги врати на неповластена даночна стапка еден куп производи и услуги кои до 2003 година беа по повластена даночна стапка. Меѓу другите, еве да не зборуваме за интернет и за компјутери, вашата Влада одлучи и лековите наместо по 5% да ги оданочува по 18%, и инвалидските колички и ред други производи. Јас велам треба да се размисли она што Владата го направи во сегментот на поевтинување на интернет услугите во Република Македонија се нема случено 17 години. Вие можете денес за 200, 300, 500 денари да добиете на домашна адреса интернет кој што ќе биде 24 часа он лајн. Концептот треба да го прави Владата. Јас не се согласувам дека преку амандмани може да се делува во една толку значајна област како што е ДДВ и сметам дека времето за кое вие сега зборувате дека на секој ученик, студент, професор му е потребен интернет веројатно заврши многу поодамна. Сега сите што имаат компјутери имаат интернет дома, ве молам. Значи во ред е кога се има добра намера, треба многу помирно и поконструктивно да се разговара. Во конкретниот случај настапите на опозиционите партии се грубо политиканство и груб опозиционеризам. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник господин Лазар Китаноски, повелете.

**Лазар Китаноски:** Не ми треба ни цела минута. Навистина ова е огромно недоразбирање најблаго речено. Ова што се предлага токму се вклопува во пакетот на оваа Влада и не е еточно дека секој што има компјутер има интернет. Не е точно. Погледнете околу себе, има многу семејства кои имаат компјутери затоа што децата на некој начин мора да имаат компјутери, родителите крпат некако, ќе им купат компјутери, но голем дел не се вклучени на интернет. Погледнете ги своите соседи, не гледајте по својот стандард, колку млади луѓе немаат интернет. Не е точно, оваа дискусија е на памет, прво, не се вклопува во концептот кој го предлага Владата, а второ, не е точно дека сите што имаат компјутери имаат и интернет. Благодрам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Навистина не можам да...

(Потпретседателот се обидува со ѕвончето да создаде тишина во салата).

Почитуван потпретседател, согласно Деловникот треба да обезбедите услови за дискусија.

**Иван Анастасовски:** Јас ги опоменав пред мене да ме опомените. Повелете.

**Јани Макрадули:** Не знам дали уште сте под импресии на бруката што ја правите со Фудбалската федерација и репрезентација како член на Управниот одбор...

**Иван Анастасовски:** Не се секирајте за тоа, за амандманот зборувајте.

**Јани Макрадули:** Или обезбедете услови да можеме да дискутираме.

За жал, пред некој ден побарав пауза да се смират страстите со намера да ги избегнуваме преголемите квалификации што си ги даваме еден на друг, но гледам дека мнозинството нема намера да го замине тој концепт или таа стратегија што ја има. Не можам да разберам дека амандман поднесен во овој случај од пратеничката група на ЛДП и бранет од еден пратеник парламентарното мнозинство тоа го оквалификува како празни зборови. Опозицијата сака да се заплаши, бидејќи во Парламентот не е можно со оглед на степенот на квалитет и образованост на парламентарното мнозинство, применува полициски методи, но тоа е една друга точка.

**Иван Анастасовски:** Јас ќе ве замолам на амандманот држете се, даје аргументи за амандманот.

**Јани Макрадули:** Затоа наместо да дискутираме дали на интернет услугите треба да се намали ДДВ од 18% на 5%, серија на навреди кон пратениците што се залагаат за тоа. Апослутно нема потреба од такво нешто.

Сега да кажам нешто, бидејќи се отворија многу работи, тоа е реков до вашето домашно воспитување, вашето дофрлување, но тоа ви останува на вас. Ако нешто оваа Влада нема, тоа и го дискутирав и со ребалансот на Буџетот, а тоа е стратешки концепт како ќе работи со информатичкото општество во Република Македонија. Серија на погрешни потези кои закочија десетици успешни проекти и стотици успешни компании кои зафатија еден брз воз на развојот. И во минатото и при ребалансот овој амандман секогаш бил поддржуван и бранет од моја страна. За жал, Владата како заложник сеуште на Телеком не може да се ослободи од оваа хипотека и да влезе во процесот на намалувањето на ДДВ за интернет услугите. Ако таа сака да остане заради некои работи заложник на Телекомот, може да ги раздвои интернет услугите кои доаѓаат преку дaел-ап или преку фиксната телефонија и да ги раздвои широко појасните услуги, а тоа се кабловските, безжичните и тн. Значи има можност Владата ако сака да го зголеми процентот на корисници да го направи тоа со оваа мерка. Таа никако не може да се направи со отворање на свои интернет кафулиња до приватните кои вложувале во свој бизнис. Дека Владата нема стратешки план како е го развива ово говорат многу работи, не сакам тука да го губам времето, само да кажам дека процесот на развојот на телекомуникациите не зависи од Владата, процесот на развој на телекомуникациите зависи од условите што се направија во Република Македонија со законите и подзаконските акти усвоени од минатата Влада. Она што не може да го прави Владата е уценувањето и заканите што ги прави министерот Јанакиевски кон третиот оператор, што во денешните весници беше протолкувано како рекетирање на министерот. Ако сакаме да бидем еискрени парламентарното мнозинство што ја читаше насловната страница нека ја прочита првата реченица од текстот внатре каде што пишува да се дозаврши овој концепт потребно е ДДВ да се намали од 18% на 5%. Република Македонија едно од најголемите напредувања во изминатите четири години кога СДСМ беше на власт го направи во сферата на информатичкото општество. Република Македонија по мерки на Европската унија, не по мерките на ВМРО-ДПМНЕ, по мерките на Европската унија е на 31. место по сервисите кои ги нуди Владата пред многу европски земји, да не зборувам за земјите од Западниот Балкан, Хрватска и тн. Многу пред нив сме, за жал, се извинувам бевме, затоа што Владата која е дојдена нема стратегија, ги закочи сите проекти, услугите што беа нудени не ги нуди, транспарентноста ја затвори и само од премногу користење на зборот “компјутери” направи рашомонијада од тој збор. Концептот за 100 илјади компјутери пропадна, само во три основни училишта на 1 септември имаше и тоа наменски реков, само да се слика премиерот Груевски, нема развој на проектите кои беа во Владата, само се импровизира, се врши страшна пресија и притисок на компаниите кои се во таа сфера. Луѓето што добиле лиценца ги убедуваат да постигнат цена како што премиерот мислеше дека треба да има што е незамисливо во една држава во Европската унија и на тој начин само паѓаме се пониско и пониско. Уште еднаш, текстот што беше цитиран овде, ама како и обично злоупотребен од страна на ВМРО-ДПМНЕ, еве го ќе го прочитам: “Само уште Владата да го укине ДДВ за идеално намалување на цените на интернетот во земјава”. Само тоа е одликата на оваа Влада, а се лаже, да се манипулира, да се шпекулира, а кога ќе ве фатат на виделина, да почнете со полиција да се пресметувате со опозицијата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

И јас имам право на реплика.

(Потпретседателот излегува на говорница).

Пријателу Макрадули, не е коректно од таму, затоа земав од говорница збор.

(Коментар на пратеникот Макрадули “не смеете”).

И не смејам, точно е.

Искрен да бидам, мислев да гласам за овој амандман, но слушајќи ве вас се предомислив. Бидејќи ме обвинивте на почетокот на вашата дискусија дека имаме лоши резултати од вчера и јас сум дел од тој Управен одбор, затоа не

говорам конкретно за амандманот, ќе си дозволам ова да го кажам. Дали сте тој истиот кој во фаза кога се правеше упад во Федерацијата од некого, да бидеме искрени јас и вие застанавме на иста страна и овде вие бевте најгласен дека ова е Управен одбор и репрезентација со најдобар успех. Дали сте тој истиот од пред три месеци? Не знам зошто сега го сменивте своето мислење. Човечки е да тргнат работите и надолу, човечки е да одат работите и на полошо. Меѓутоа, не знам зошто вие се променивте за овие три месеци кога заедно бевме на иста страна да се одбраниме од тие што сакаат да направат упад, а тоа беше и ваша аргументација. Ви благодарам.

(Потпретседателот се враќа на претседавачкото место).

Повелете колега Макрадули, една минута контра реплика.

**Јани Макрадули:** Би сакала да ве корегирам, тогаш само СДСМ застана против партизацијата и упадот во Фудбалската федерација. Вие без разлика што сте член на Управен одбор и без разлика што сте потпретседател на Собранието, не ве слушнав со ниту една изјава да застанете во одбрана на институцијата. Дека имаме ист став и секогаш се бориме за фудбалот, а не за тоа политичките упади да диктираат стојам на ставот дека вашата неспремност денес да го смирите парламентарното мнозинство можеби се должи на лошите резултати, затоа што не можете да изменаџирате нешто за што СДСМ ве одбрани за да не го партизира некој друг, а не да именува туку таму фудбалери.

**Иван Анастасовски:** Благодарам, не коментирам повторно.

Има збор пратеник госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе, да бидам искрена мислев дека аргументите кои што првите двајца дискутанти по овој амандман, или првите тројца дискутанти по овој амандман ќе ги искажат, ќе бидат доволни парламентарното мнозинство да го убедиме или министерот, или парламентарното мнозинство да се предомисли да го прифати овој амандман.

Меѓутоа, со оглед на тоа дека тоа не е така, ме испровоцира однесувањето на министерот да се јавам, да бидам искрена, заради тоа што не беше ни спремен да ги сослуша аргументите, аргументите кои што пратениците ги изнесуваат, поповод овој амандман, заради тоа што или дискутира со координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, како во овој момент, или пак ког ане го прави тоа си прелистува некое списани, апсолутно, незаинтересиран за дебатата во Собранието и со тоа,како и многу пати до сега покажува класично непочитување кон пратениците.

Уште пвоеќе, имајќи предвид дека еден од аргументите, кои што еден од пратениците од власта ги искажа тука дека нема да го прифатат овој амандман, заради тоа што креирањето на ваквата политика треба да биде исклучиво во рацете на Валдата. Јас сега се прашувам дали ваквиот однос на министерот ќе овозможи да ги слушне аргументите од страна на пратениците, кои што ќе одат во прилог на тоа, овој амандман да биде дел од политиката на Владата и министерот да е предомисли и да го прифати. Се разбира, не. Меѓутоа, оставам на совеста и на домашното воспитување и на министерот и од страна на останатите пратеници да се однесуваат онака како што до сега не се однесувале, за да имаме барем елементарни услови за дебати и за можност за размена на аргументите.

СДСМ и во претходниот мандат покажа дека еден од врвните приоритети е развојот на инфорамтичкото општество и за тоа во претходниот мандат ги направи сите прдуслови и во смисла на обврски кои што произлегуваа од парламентарниот дом, на усвојување на стратегија на различни политики, во смисла на имплементација на таа стратегија од страна на Владата на Република Македонија во претходниот мандат.

Очекував, бидејки и оваа Влада промовираше дека еден од приоритетите ќе биде развојот на инфорамтичкото општество, да продолжи во истата линија, меѓутоа, најмалку во линија на краен популизам, туку повеќе во линија на создавање на реални предуслови за достигање на ефектот, кој што сите би сакале да го псотигнеме во Република Македонија, а тоа е развој на инфорамтичкото општество, обезбедување на сите предуслови, интернетот да биде достапен до сите, заради тоа што иновациите и инфорамциите се меѓу најзначајнит еизвори во порастот на современите економии. Тоа се едниод фундаменталните потреби за создавање на основа за брз економски развој во Република Македонија.

Меѓутоа, исто така, намалување на цените на интернет услугите ќе овозможи и за оние кои што се невработени, или пак невработени до сега, или пак кои што останале без работа да ги користат интернет услугите за вработување, она што сме го дале како можност во Законот за работни односи, кој што го усвоивме во претходниот мандат, за нешто што се вика работење од дома. И покрај тоа што Владата на Република Македонија се декларираше за ваква политика, зошто, во целиот пакет на намалување на ДДВ услугите одбива да го намали ДДВ за интернет услугите, кога сме свесни дека обезбедување и омасовување на брз и ефтин интернет, овозможува критична улога во развој на телекомуникациите ии на инфорамтичките технологии, меѓутоа, исто така овозможува подобра едукација на сите граѓани во Република Македонија, почнувајќи од оние што се опфатени во образовниот систем, продолжувајќи до оние што се на своите работни места, или пак оние кои што се невработени или останале без работа за брза преквалификација и подобро наметнување на пазарот на трудот.

Значи, јас сакам да апелирам до парламентарното мнозинство, до колку тоа не е

прифатливо за Владата, да ја свати реалната улога дека во крајна линија Парламентот е тој што ги носи законите и што ја креира политиката виза ви Владата, која што само ја предлага, дека прифаќањето на овој амандман и намалување на ДДВ за интернет услугите, реално ќе се одрази и ќе го почувствуваат граѓаните, за разлика од намалување на ДДВ за купување на компјутерска техника, заради тоа што со намалување на ДДВ за компјутерска техника јас сакам да го искажам своето сомневање дека воопшто ќе сенамалат цените на компјутерите, туку напротив тоа ќе оди на конто на фирмите, кои што на овој начин само ќе го зголемат својот буџет, меѓутоа, тоа реално нема да го почувствуваат граѓаните.

Намалувањето на ДДВ на интернет услугите ќе биде ставка која реално ќе ја почувствуваат, сите граѓани заради тоа што еден добар дел од интернет услугите се користат во Република Македонија, меѓутоа, таа ставка на граѓани, кои што ги користат интернет услугите е сеуште мала во споредба со онаа што би сакале да ја постигнеме. Со намалувањето на ДДВ за користење на интернет услуги, ќе овозможиме голем дел од популацијата што не го користи интернетот, заради тоа што во овој момент им е скап, да почне да го користи како средство и за вработување, меѓутоа и за користење на други услуги, кои што сме ги предвиделе во стратегијата за информатичко општество, како што се Е-Влада, апликација преку интернет за различни услуги, кои што проектот Е-Влада, што го почнавме во претходниот мандат ги нуди и така натаму, ќе стимулира и воведување на Е-бизнис, што започна веќе во Република Македонија , значи отвара цел спектар на можности за онаа популација на граѓани на Република Македонија за која што користењето на интернет услуги до сега беше невозможно.

Затоа апелирам до парламентарното мнозинство, а очекував и министерот да се јави и да објасни, барем да образложи, ако е така како што вели еденод пратениците од власта дека ова треба да биде политика на Владата, барем да слушнеме која е политиката на Владата. Да даде образложение министерот за финансии, која е политиката на Валдата штоне сака да прифати намалување на данокот на ДДВ за интернетни услуги, ако од една страна вели дека треба да се зголеми користењето на интернет услугите меѓу популацијата, го намалува ДДВ на компјутери, а од друга страна не сака да го намали ДДВ на интернет услуги.

Јас навистина би апелирала до министерот да се јави и да објасни која е политиката на Владата. Зошто не го прифаќа овој амандман и тогаш можеби ќе каже аргументи со кои што ќе не разубеди и ќе никаже дека не сме во право. Само отфрлањето на овој амандман без никакво образложение ни дава за право да мислиме дека Владата сака да има ексклузивитет во ваквата политика и дека не сака да прифати дополнување и проширување на целата плеада предлози кои што ги има доставено до Парламентот, без да ги земе предвид аргументите кои реално држат и одат во прилог на прифаќање на овој амандман. Балгодарам.

**Иван Анастасовски:** Дали некој од сега пријавените е за реплика. (Не).

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам потпретседателе, значи поднесувањето на законот од страна на Владата, амандманот кој е поднесен од група пратеници од ЛДП делува сосема логичен. Тој амандман можеби е нелогичен, до колку го немаме законот. До колку стапката на ДДВ е единствена. Сега кога Валдата веќе почна да лицитира буквално да  лицитира со стапките на ДДВ, кој да оди во повластена, а кој да остане во нормалната стапка, очекувано е дека не само во бизнис круговите, кои лобираат да се додаде тука некоја точка кај Владата и затоа вака изгледа ова и ако споредиме сега што се случува со измена на цариснките тарифи, кои се исто на една седница, на пример, 10 иљади царински тарифи има во цел свет и во Република Македонија на производи на кои се плаќа или не се плаќа царина на увоз. 10 иљади тарифни броеви. Владата сега ни предложи измена на царинскиот тарифник за еден од тие 10 иљади производи.

Знаете ли зошто го предложи? Затоа што некој кој ги увезува тие излобирал кај Владата. Влегуваме во арбитрерност. Овој закон и вчера тоа го кажав во општата расправа изобилува со арбитрерност. Значи, од сега натаму даноци во државата ќе плаќаат сите 18% за ДДВ, меѓутоа, Владата Ќе одлучи дали евентуално, на некого ќе му даде повластени стапки за неговата профитна стапка да се зголеми. Наместо да го плаќа данокот, да си остане тоа во негова  добивка. Тоа се случи во првиот обид на Владата со намалување на даночните стапки за ДДВ кај заштитните производи во земјоделието, семенскиот материјал. Ништо не поефтини, цените отидоа нагоре, Владата само успеа да го зголеми профитот на сметка на граѓанит еи на даноците кај одредени компании.

Сега Владата продолжува со истата политика. Таа претставува судија на оазарот. Почнува да арбитрира. Лекови и медицински помагала, машини за автоматск апреработка, компјутери, па термални сончеви сиситеми, па компоненти на термално сончеви системи, па превоз на лица и на багажот во сообраќајот, па софтвер и на крајот се јавува логично, дека треба да се поднесе амандман, ако софтвер, компјутери и машини за електронска обработка и т.н. се со 5%, овде треба да бидат и интернет услугите со 5%. Сега Владата вели не го прифаќам амандманот. Значи таа сега станува арбитар на пазарот. А, јас ве уверувам дека можно е како што одат работите да се случи уште некој скандал наредниве два три дена со продажба на некое друго градежно земјиште, Владата да излезе утре на нова прес конференција и да каже дека намалува уште

нешто. Или ако е некој бизнисмен што има монополска или дуополска или олигополска состојба на пазарот со некои стоки, или услуги, да оди во Владата, или е близок до Владата да излобира и да каже, јас сега од вас барам да ми е намалите даночната стапка, а мојата положба на пазарот ќе овозможи цените да си останат исти, што најчесто се случув аи ќе видиме што ќе се случи со цените. Ќе видиме што ќе се случи допрва.

Првиот обид со земјоделието е целосно неуспешен. Вториот обид ќе процениме по една година. Сега Владата од таа арбитрерна позиција нешто прифаќа, нешто не прифаќа. Ако ги намалувате компјутерите и софтверите, логично е да ги намалувате интернет услугите. Инаку, тука некои пратеници што зборуваат, очигледноне користат интернет за 200-300 денари 24 часа во Република Македонија имате услуги за интернет. Која е таа компанија. Прашајте ги било кои во Република Македонија што користат интернет дали има такви услуги. Нема. Значи, ова е арбитрерна улога на Владата во економијата и затоа се логични овие амандмани, особено во пакетот со софтверот и со компјутерот и затоа треба да се подржи тоа.

Трето, бидејки овде се спомнуваа лековите во една дискусија, сега од пратеници на ВМРО-ДПМНЕ и до нив и до министерот за финансии имам препорака.

Господине министер, да не го намалувате данокот на ДДВ на лековите. Обидете се лековите од позитивната листа да ги имате во аптеките. Што користи, еве да не користам име на мои блиски луѓе, кои користат лекови кои се на позитивна листа и чинат ...

**Иван Анастасовски:** Се извинувам ова не е за амандманот.

**Никола Поповски:** За амандманот. Ве молам, една минута имајте трпение. Го давам примерот. Што е користа. Ако лекот што е на позитивна листа чини 200 денари и никаде го нема, а во сите аптеки го нудат за 2800 деанри. Сега, таа моја многу блиска особа е приморана да купува лек од 2800 денари, половина од нејзината пензија, а го користи само 18 дена тој лек. Толку е пакувањето. И сега, што вреди што вие го намалувате ДДВ-тона лековите. Од 2800 на 2700 да падне лекот. Политиката господин премиер, или претставник на Владата или било кој што го предлага овој закон, треба да ви биде лековите да ги има таму, а не даночните стапки да ги намалувате. Што корист од намалување од даночната стапка ако гонема лекот. Намалувате приходи во државата, а немате доволно приходи да ја имате доволно позитивната листа како што треба. Сега овде ни доставувате амандмани за кои велите лековите имаат помала даночна стапка. Ги нема лековите. Што помала даночна стапка. Ги нема лековите. Насочете ги парите да има лекови, луѓето да можат да се лечат. Луѓето не можат да се лечат празни се аптеките. И бидејки никој на ова не обрнува внимание, јас ќе го земам тој рецепт и да ви кажам секој ден ќе одам во трите најблиски аптеки околу Собранието и ќе ги запишувам датумите. Ќе го барам лекот во трите најблиски аптеки околу Собранието. Дали го имате? Не. На секоја точка каде што е минситерот за финансии и здравство претставник ќе им го покажувам списокот на лекот кој чини 2800, а на позитивна листа никаде го нема. Таму завршува оваа политика со даноци вака. И исто со интернетот. Компјутер и софтвер, се намалува, интернет не. Зошто, можеби некоја компанија што се бави со интернет не е блиска до Владата за да ја убеди. Ова е отворен простор за лобирање кај Владата. Затоа сметам дека овој амандман во оваа консталација сега веќе треба да се подржи целосно и колегите од ЛДП се во право, само ја следат логиката на Владата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Три минути реплика пратеник Стефановска Анета, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам потпретседателе,

Почитиуван колега, мнногу сум изненадена од вашата дискусија и од претходните дискутанти, повторувате едно те исто и се знае дека се тоа непродуктивни разговори, затоа што вие го донесовте тој Закон и толку многу го зголемувавте ДДВ, мешате компјутери, лекови и секакви работи, само да добиете во време, да дојде паузата и да не одиме напред како држава.

Вам ви е проблем тоа што одиеме ние напред како Влада и држава. Тоа е. Сакав да слушне јавноста, затоа ќе биде и кратка мојата реплика. Тоа ви е вашата цел, ништо друго. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Госпоѓо Анета го ценам вашето одење напред, почнавте од Водно, поминавте преку Клиничкиот центар, го средивте, па потоа дојдовте кај локацијата кај Рамстор и таа ја средивте и сега продолжувате напред во тој стил.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник господин Димнитровски Ратко, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам потпретседателе, ќе настојувам да бидам краток, мошне краток, заради тоа што целта ни е да одиме што е можно побрзо напред.

Би одговорил со зборовите само бла, бла, како што ни реплицираше почитуваниот колега. Меѓутоа, морам да напоменам дека дискусиите се повторуваат, целта е јасна, времето да помине, меѓутоа, не ми е јасно зошто на вакви закони, со кои што закони се подобрува состојбата на граѓаните на Република Македонија се трудиме да ги закочуваме и таквите закони и таквите предлози на Владата. Тоа е несватливо.Не знам, кажете ми некој пример во светот, или на друго место каде имало такви потези да не ги поздравува и позиција и опозиција, односно да се

спречува донесувањето на такви закони. Според мене и целокупната јавност, ова е само кочење на реформите за кои се залага оваа наша Влада. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Господин Ратко, токму за тоа разговараме. Сега вие ги кочите реформите. Има амандман со кој ние, не ние, туку колегите од ЛДП, во корист на граѓаните бараме интернет услугите од 18% да се сведат на 5%. Бараме тоа да се изгласа, ама вие го кочите и не давате граѓаните да одат напред. Ете ја логиката. Дозволете гласајте го амандманот од 18% на 5% за интернет услугите и Македонија ќе оди напред и вие нема да го кочите тој процес на одење напред. Ете ја логиката на разговор, ако така сакте.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот Александар Спасеновски, повелете.

**Александар Спасеновски:** Благодарам потпретседателе.

Ќе се обидам да отворам некои нови дилеми кои што беа пропуштени во оваа прилика веројатно заради курентноста на амандманот и особено заради фактот што се повеќе интернет станува составен дел од нашиот живот и во овие услови некој проценил дека можеби е добро повластената даночна стапка од 18 на 5% да се примени и во интернет услугите.

Во оваа смисла, само колку за споредба помеѓу состојбите во Македонија од една страна и во светот од друга страна ќе најдам неколку податоци.

На пример оваа година во однос на интернет карактеристичн и беа неколку нешта.

Прво, во САД знаеме дека една од најсериозните кандидати за иден претседател на оваа држава својата кандидатура за претседател прв пат ја објави на интернет, а не на прес конференција. Или на пример Социјал демократската партија во Хрватска својата предизборна кампања за прв пат ја објави на интернет, а не на прес конференција. Оваа година исто така карактеристично е дека најстариот шведски весник, кој воедно е и најстар весник во Европа престана да се печати и само излегува Онлајн. Или пак последниот податок, ако не се лажам, мислам дека беше Волт стрит журнал кој што објави дека во 2006 година има остварено далеку повеќе приходи од онлајн рекламирањето, отколку од рекламирањето односно профитот кој што го остварува печатеното издание.

Да ги земеме состојбите во Република Македонија. Оваа година карактеристично е, и сите мораме да се согласиме околу тој факт дека порасна бројот на излегувањето на онлајн медиуми односно одлајн весници кои што се повеќе и повеќе го заземаат просторот и го предизвикуваат вниманието на македонските граѓани.

Исто така сведоци сме дека оваа година дека македонските печатени медиуми кои што своите интернет изданија ги објавуваа на полноќ, на почетокот на новиот ден почнуваат да ги објавуваат во 12, во 13, во 14 часот. Од овој пример можеме да видиме дека всушност бројот на корисници на интернет во Република Македонија перманентно расте и поради фактот дел од медиумите за да ја заштитат продажбата на печатените изданија се решаваат онлајн изданието на печатениците весници да го објавуваат кон средината на денот.

Во таа смисла сакам да кажам дека досегашните мерки во делот на зголемувањето на перентрацијата на интернет на македонските граѓани вродија со плод. Така да речеме, ако пред неколку години перентрацијата беше од 7 до 10%, сега според последните податоци кои што можеме да ги прочитаме изнесуваат околу 25%.

Исто така ако цената за интернет услуги во Република Македонија порано беше далеку повисока, сега е за околу 50% пониска.

Значи, досегашните мерки во оваа смисла и самото влијание на пазарот од таа страна влијаеше во насока на зголемување на перентрацијата на интернет преку примерите кои што ги наведов од една страна и до намалување на цените, при што бројот на граѓаните кои што користат интернет во овој момент е далеку поголем.

Во таа смисла сакам да кажам дека можеби подобро ќе биде пазарот, граѓаните да ги почувствуваат сегашните ефекти како резултат на политиката на Владата од една страна и самото делување на пазарот од друга страна, а потоа можеби во иднина доколку бројот на интернет корисници, одлучиме, констатираме дека е незадоволителен можеби и се преминало и кон таа мерка.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

Со последната дискусија на колегата Спасеновски малку се измешаа работите, ќе се збунат граѓаните кој е за тоа Република Македонија да оди напред, кој не го поддржува амандманот. По сета логика како се одвива расправата очекував колешката Анета да се јави и да му реплицира на колегата Спасеновски, за тоа што реално го говореше е во насока, иако не кажа дирекна поддршка на амандманот, меѓутоа дека всушност не се противи на решението што го предлага опозицијата.

Но, како и да е јас имам конкретни прашања за министерот за финансии, кој е предлагач и кој и за амандманите и претходно во општата расправа по претресот на законот за намалување на ДДВ не сакаше да се вклучи и да полемизира со пратениците на опозицијата. Значи ако во општата расправа констатиравме генерално кога

зборувавме за другите области, за другите производи на кои ќе се однесува намалувањето на ДДВ не чув образложение, конкретен одговор на кои производи досега како резултат на мерките на Владата во изминатата година со намалување на ДДВ им се намалиле малопродажните цени, колку се тие производи или обратно, зошто не се намалиле, зошто не може да одговори на тоа прашање, зошто не се намалиле. Цело време излегувате после владините седници, наоѓате по некој за изјава, некое здружение, некој граѓанин, некоја анкета правите да ја подгревата атмосферата дека еве Владата колку убаво мисли на граѓаните, колку убаво ќе ви биде, ќе се намалат цените, за ова, за превозот, за не знам што, за лековите и за ред други работи. Сега дојдоа на ред компјутерите, што значи да се вратиме на амандманот.

Нека каже министерот за финансии ако е толку сигурен, затоа што ви тврдам, јас не разбирам колку него далеку од тоа, меѓутоа кој е законскиот механизам или пазарниот механизам Владата да овозможи и да гарантира намалување на малопродажните цени на компјутерите, иако амандманот се однесува за интернет. Ќе се надоврзам и за интернетот.

Дали ова значи ако не се намалат некоја друга политика, задкулисна на Владата која ќе овозможи намерно или ненамерно остварување на екстра профит на трговците на компаниите со вакви стоки, затоа што после можат да си најдат и они оправдување зошто трошоците биле вакви, количините биле онакви и не може сега така лесно или толку драстично, што ќе биде осетно за џебот на граѓаните да се намалат цените на малопродажните производи.

Се на се генерално кажано пред да преминам на интернетот, Владата води една популистичка политика со која сакајќи да се прикаже во убаво светло, дека мисли на граѓаните всушност не може да ги постигне саканите ефекти и тоа само го прави да биде убаво за ушите, меѓутоа не овозможува во праксата, во реалноста тоа да го почувствуваат граѓаните директно во својот семеен буџет, со својот стандард, со својот џеб. Дали куповната моќ на граѓаните, што е еден од основните параметри за мерење на животниот стандард дали се подобрил животот е пораснат, затоа што вие постојано велите ги намаливме цените, ги намалувате даноците, меѓутоа од друга страна цените не се намалуваат, напротив растат цените. И тоа оние најосновни цени што се однесуваат за основните потреби, животни за граѓаните (исхрана, итн, итн). Да не говориме за земјоделието. Помина година дена ништо не се намали во земјоделието. Дали земјоделците подобро живеат? Конкретно за овој амандман за интернетот, дали мислите, дали верувате во тоа која е логиката на тврдењето на парламентарното мнозинство кога се вели дека со ваков амандман опозицијата всушност работи против Владата, ја руши политиката на Владата. Нема логика. Овој амандман оди во прилог на поддршка на политиката на Владата. Ако навистина сакате во целост да се осетат вистински овие мерки тогаш компјутерите без интернетот, едно без друго не оди. Не е, половичен ви е ќарот од поевтиниот компјутер, ако се намали тоа е големо прашање дали ќе се намалат цените, и не кажувате за колку за да имаат претстава граѓаните. Ако тој компјутер што го имате или што ќе го купите според вас поевтино не можете да приклучите поевтин интернет или воопшто не можете да приклучите интернет. Или ако користите веќе интернет да го користите подолго време, а ќе го користите подолго време ако е поевтин. Ние нудиме интернетот да биде поефтин со тоа што ќе го намалите ДДВ и за интернетот за 13%. Значи, ако е ова логиката тогаш зошто Владата мисли дека одиме против нејзината политика и зошто Владата не го прифати овој амандман на опозицијата, па да си ги собере политичките популистички поени кај граѓаните за себе, во јавноста. Еве нека биде славата на Владата, зошто Владата не сака да го прифати овој амандман. Нема објаснување, единствено ако не се работи за некоја лична политичка суета што мислам дека е за сериозна влада и за сериозен политички рејтинг. Не дозволиво е да бидат суетни на тоа кој му текнало или кој прв ќе предложи еден ваков амандман, затоа што не може со овој амандман, со овој закон за намалувањето на ДДВ на компјутерите да се осети во целост вистинскиот ефект и бенефит за граѓаните ако немаат поевтин интернет.

Значи во тоа се состои популизмот и демагогијата на Владата што цело време и целиот овој пакет и целата нејзина политика од време на време кога ќе треба да се амортизира некоја друга ситуација скандалозна, коруптивна, криминална на оваа Влада да се покрие во општеството тогаш излегуваат со вакви мерки, демек ќе ги зголемат платите, ќе ги намалат даноците, а од друга страна цените скокаат нагоре, животниот стандар и куповната моќ на граѓаните не се подобруваат, учениците немаат бесплатни книги во основното образование а воведовте и средно образование. И таму немате бесплатно образование, задолжително го направивте.

Значи, нема врска едно со друго во потезите на Владата. Се гледа дека немаат врска, не се поврзани. За да водите таква економска политика од која ќе извлечете ќар и на долг рок ќе се осети економски ефект во секојдневниот живот на граѓаните сите овие мерки мора да ви бидат логични, поврзани, следствени една на друга.

Не може да бидат овие мерки само од една до друга, од една до друга прес конференција на премиерот и појавување на Владата со целата свита.

Значи, ако утврдите дека треба да не го прифатите овој амандман, тогаш редно е да ги образложите причините. Вака испаѓа дека тоа го правите само заради суета, дека немате чувство за предлозите на опозицијата односно дека ги дочекувате со инат, со продивење, со анблок одбивање без да се впуштите да прочитате, да размислите, да продискутирате, па не е срамота и

да признаете дека некогаш и опозицијата и мисли добро на државата. Дека не сте вие единствените од Бога дадени што ја говорите вистината, што сте заинтересирани за доброто и просперитетот на граѓаните. Значи, овие поени нека бидат ваши, меѓутоа прифатете еден предлог од опозицијата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

И јас се јавувам за дискусија затоа што не можам а да не ја забележам и не само во овој случај, туку и во многу други проекти што се предлагаат од страна на Владата.

Се чувствува опседнатоста на Владата исклучиво само со своите ставови. Од друга страна постои потполна негација на сето она што некој друг го предлага, иако тие предлози се во интерес на граѓаните на Република Македонија. Таков е случајот и со овој амандман поднесен од колегите од ЛДП. Ние го кажавме нашиот став и затоа не гледам зошто некои колеги од позицијата, од власта, полемизираат околу тој став дека го поддржуваме законот. Тоа е придонес што го правиме како пратеници поддржувајќи проекти што сметаме дека се во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Но, вие нашта поддршка ја гледате само како поддршка на тоа што вие сте го зацртале и опседнати сте со тоа да биде прифатено во онаква форма каква што предлагате. Не сакате да се соочите со ништо ново што ќе значи и подобрување на текстот на законите што ги разгледуваме. Не гледам навистина зошто во случајот на претставникот на Владата и пречи амандманот со кој се предвидува повластена ставка на ДДВ за интернет услугите, затоа што заедно со предлозите на Владата тоа претставува целина што навистина ќе се почувствува во развојот на информатичката технологија, се разбира доколку вие навистина имате определба за развој на информатичката технологија. Но, за тоа зборуваат други колеги и се поставува прашање дали ви е тоа само декларативен став, а работите нешто друго, или пак навистина тоа е ваша определба.

Сега сакам да ја појаснам и таа ваша опседнатост со вас самите бидејќи сметате дека вие, само вие, сметам претежно на  ВМРО-ДПМНЕ дека сте тие што прават нешто ново. Тоа го правите на начин што присвојувате туѓи проекти.

Бидејќи темата е информатичка технологија, тука сакам да го споменам проектот за развој на информатичката технологија и изградба на центар, информатички центар за правосудството што согласно Законот за судови е во рамките на Министерството за правда започнат во времето на претходната Влада во соработка на Владата, Министерството за правда, Европската агенција за реконструкција. Овој проект беше завршен некаде кон крајот на септември и можеше отворањето на информатичкиот центар за правосудство кој е сместен врз основа на донации од Европската агенција за реконструкција во простории на поранешната Агенција за приватизација да биде пуштен крајот на септември месец, но бидејќи вие не сакавте да се соочиоте со тоа дека ова е проект што некој друг го направил, отворањето на овој центар, кој е навистина современ, ја користам можноста и да се заблагодарам на Европската агенција за реконструкција, го отворивте свечено пред некој месец. Не треба да се гледа колеги така исклучиво и не треба дефинитивно да се прават такви поделби, но за жал вие ги правите тие поделби. Ние правиме, вие ништо не правите и потполно го негирате тоа што некој друг го направил. Сите заедно сме правеле, сега имате вие можност нешто да понудите во интерес на нашата држава и треба тие проекти да се гледаат како целовити.

Токму затоа земав збор како опомена за она што го правите и затоа апелирам да не заборавите дека има и странски институции што се вклучени во ваквите проекти и на ваквото ваше постапување навистина со потсмев се однесуваат.

Дефинитивно крајно време е на поинаков начин да ги гледате и проектите и сето тоа што е интерес на државата ако навистина искрено сакате да постигнете нешто, што сега засега сметам дека е под наводници.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине потпретседателе, почитуван министер, почитувани пратеници,

Иако во салата најмалку има пратеници, меѓутоа редно е да го искажам и јас мојот став, бидејќи една проблематика која што е доста интересна во Република Македонија пратениците немаат интерес ниту да расправаат, ниту да слушаат, меѓутоа сметам дека ќе биде од интерес на граѓаните на Република Македонија.

Почитуван министер, некаде пред една година донесовте Закон за намалување на ДДВ за земјоделските производи односно за производите кои што се користат во земјоделието. Зошто како Влада не излезете и да кажете кој е  бенифитот од намалувањето на ДДВ. И тогаш ние од опозицијата ве опоменувавме дека ќе добијат бенефит само трговците кои што се занимаваат со тие репроматеријали. Земјоделците не добија ништо. Сега во оваа состојба корисниците на интернет услуги нема да добијат ништо, а ќе добијат трговците кои што се занимаваат со продажба на компјутери и на софтвери. Меѓутоа, јасно е на сите зошто во овој момент се намалува ДДВ за компјутерите во Република Македонија. Во ек кога е тендер за набавка на стотина илјади компјутери вие го намалувате ДДВ. Дали тоа не е цел на оваа Влада, да се заштитат трговците, а корисниците на интернет услугите е најмал

проблем дали ќе бидат заштитени или не. Како ќе имаме развој на технологијата и развој на економијата во Република Македонија кога интернет услугите се достапни само на 2 до 3% од луѓето на Република Македонија. Таков просперитет не може да има Република Македонија, почитуван господин министер.

Бенефит од намалувањето на ДДВ ќе имаат само трговците, луѓето кои што се занимаваат со продажба на компјутери и компјутерска техника. Другите луѓе, корисниците ќе немаат никаков бенефит, па ниту и граѓаните. Укажувавме и тогаш кога го намалувавте ДДВ за земјоделските производи, укажуваме и сега, меѓутоа вие немате сенс што е добро за граѓаните, а што е добро за трговците. Оваа Влада ги штити само трговците. Оваа Влада не ги штити граѓаните на Република Македонија. Затоа почитуван господин министер вие можете да го искористите вашиот авторитет кај парламентарното мнозинство и овој амандман да го прифатите во интерес на граѓаните на Република Македонија, во интерес на сите корисници на интернет услуги во Република Македонија. Инаку, ова ќе биде уште еден потстрег и ова ќе биде уште еден чин на Владата, на господинот Груевски во кој што ги задоволува трговците, а не граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор колегата Бучковски, меѓутоа тој не е присутен во салата.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Објавувам пауза за ручек до 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,11 часот).

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Продолжуваме со работа.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеници во салата, гласале 58, за гласале 12, воздржни нема, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 за додавање нова точка 3 по точката 2, поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Јован Манасијевски и Роза Топузова Каревска, архивски број кроз 4.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман се однесува на комуналните услуги од типот на складирање односно справување со цврстиот отпад. Владата на Република Македонија не го прифаќа, но имаме во вид дека заедно со водата и отпадните води, значи течниот отпад, можеби има простор за размислување во некоја наредна фаза и овој вид на услуга да се вклучи со пониската даночна стапка. Но, со ова што беше предложено во законските измени кои се сега предмет на дискусија, согласен е и ММФ. Од тука во овој момент ние не можеме да излегуваме надвор од она што е проекција на приходите што се прави за до крајот на годината и за наредната година.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани дами и господа, почитуван министер,

Се обидувам да ги прифатам вашите образложенија што ги давате по однос на одредени амандмани, но морам да ви кажам дека по еден ист амандман многу контрадикторни ставови произлегуваат од Владата. Но, она што сега го сфатив од вашето образложение зошто не го прифаќате амандманот, можам да го преведам вака, дека еден ден кога на Владата ќе и треба повторно малку за рејтингот да го одржува и еден ден кога повторно ќе излезе некоја афера со одредени сомневања за злоупотреби во работењето на Владата, тогаш ќе одржите прес конференција и ќе кажете дека ја намалувате стапката за отстранување на отпадот и одржувањето на јавната чистота. Тоа ви го гарантирам од овде. Тоа 1000% ќе биде сигурно и штом Владата ќе излезе или со некој предлог или со некоја прес конференција, знаете нешто нечесно се случило во Владата. Но сега конкретно за амандманот.

Вие кажавте дека ваквиот амандман за во иднина е добар и дека тој е во согласност со размислувањата кои се од страна на Европската унија и дека за тоа ви треба усогласување со ММФ, дека сте добиле согласност за само овие предложени измени што сега ни ги предложивте. Јас така сфатив. Но, ако се вратиме малку на прес конференциите што ги држевте, реченицата беше поизменета, не дека добивте согласност од ММФ, туку дека сте го известиле ММФ. Премиерот на Владата на Република Македонија така тогаш изнесуваше, но тоа е ваша работа и тука не е ништо спорно. На крајот на краиштата не мора ни да го прашате ММФ. Република Македонија е самостојна држава и Владата самостојно си одлучува. Но, велите дека тоа е во согласност со тенденциите во Европската унија. Но, сега ќе ви го прочитам господине министер, мислењето од Владата на Република Македонија, кое ни го дадовте по однос на законот што ние од ЛДП го поднесовме по однос на истото прашање. Велите вака:

“Европската унија преку своите директиви од областа на ДДВ ги поддржува тенденциите на

намалување, а не на зголемување на листите на добра и услуги кои се донесуваат со намалената стапка. Оваа тенденција настојува да ја следи и Република Македонија, потврдувајќи ја својата цврста определба кон евроинтеграциите. Тргнувајќи од ова Владата му предлага на Собранието на Република Македонија да не го донесе законот". Овде е потпишан магистер Никола Груевски, претседател на Владата на Република Македонија, а сигурно, бидејќи премиерот, нормално е да не може да ги чита сите овие мислења, ги потпишал така, сигурно ова мислење е стигнато од кај вас. Сега ако и вие не сте го прочитале, го изготвиле службите, тогаш тоа е друго. Тоа го кажувам само да укажам на фактот дека нема конзистентност во она што еднаш ќе ни го напишете или ќе ни го кажете на нас пратениците и веднаш после тоа самите се демантирате.

Јас знам дека амандманот не го прифаќате заради тоа што е предложен од опозиција, заради тоа што од опозиција предложиле и закон по однос на ова прашање.

Второто прашање за кое, дозволете да остане во сферата на моите сомневања, е тоа, уште во извесен период да се присоберат средства од граѓаните на Македонија и во тој момент кога ќе почувствувате дека треба да се создава позитивна атмосфера за Владата, а не ви е гајле што после тоа ќе има некои последици, тогаш ќе го предложите и ќе го донесете овој закон. Но мислам дека треба уште сега да реагираме и да ја намалиме стапката за отстранување на отпад и услуги за одржување на јавната чистота.

Господине минситер вие самите напомнавте дека прилично позитивно се покажа прифаќањето на амандманот од пратениците на ЛДП по однос на даночната стапка на отстранување на отпадните води односно народски речено за канализација. Тој амандман минатата година го поднесовме ние пратениците од ЛДП, господинот Ставрески во првиот обид не го прифати, но после образложението го прифати и тоа е доста позитивно. Ќе ви кажам само еден пример, нека се провери во ЈП Нискоградба во Битола дека има позитивен ефект и врз претпријатието и врз граѓаните, а државата ништо не изгубила, скоро истата маса на данок ја наплаќа. Затоа сметам дека и тука треба да се направи позитивен чекор, пратениците да го изгласаат овој амандман и убеден сум дека пратениците и во разговорите што ги имале со претставници на комуналните претпријатија дека дадоа позитивна согласност. Голем број од јавните комунални претпријатија кои се во Македонија за отстранување на отпадот, разговараа со вас колеги пратеници, посебно со пратениците од Скопје и нема пратеник кој има негативно мислење по однос на овој амандман.

Имајќи предвид дека комуналните претпријатија се претпријатија кои даваат услуги и од интерес се за сите граѓани, не да речеме за одредена група, како што е на пример измената на данок што ја имате за колекторите на сончев систем, за тоа ќе има една минимална група во Македонија, подобростоечките. Мораме да признаеме дека од тоа ќе имаат ќар финансиски подобростоечките семејства.

Од намалувањето на ДДВ за јавниот градски сообраќај, иако сум Битолчанец, немам никаква забелешка, но ќе имаат корист граѓаните на Скопје. Граѓаните во другите градови ќе го немаат тој ќар од градскиот сообраќај, зборувам сега за градскиот, не за другиот меѓуградски, затоа што кога една Битола што е еден од поголемите градови во Македонија нема добар организиран градски сообраќај, што да зборуваме за останатите општини.

Од лековите да се надеваме дека ќар ќе имаат сите граѓани на Република Македонија.

Но, од овој амандман кој сега го предлагам, апсолутно ќе имаат корист сите семејства во Република Македонија.

Второ, најголемата корист ќе ја имаат и јавните комунални претпријатија.

Вие господине министер сигурно знаете дека нема комунално претпријатие во Македонија, во зависност од големината што нема да имаат прилично големи долгови за неплатен ДДВ кон државата. Сега, постојано се случва, за да не се спречи обавувањето на дејноста на тие претпријатија, секоја влада и оваа Влада ги толерира. Ако политички не им одговара ќе ги блокира, како што беше случајот со Куманово. Но, во глобала сите влади до сега ги толерирале комуналните претпријатија. Тоа не произлегува од фактот што тие не сакаат да платат, но проценките покажуваат, во глобала земено, наплатата на сметките за ѓубре во комуналните претпријатија е 50 до 51% или 49%, што значи дека тие јавни претпријатија се должни и обврзани, врз основа на фактурираната вредност и на сметките што ги даваат, го пресметале ДДВ, должни се во зависност од големината, на месец или на три месеци да го уплатат, а наплатата не можат да ја остварат. Затоа сметам, до колку се прифати амандманот ќе имаат ќар и граѓаните на Република Македонија, ќе имаат ќар и јавните претпријатија, за разлика од другите области каде што се вршеше намалувањето на ДДВ, на пример за земјоделските производи или сега за компјутерите и каде што државата и локалната самоуправа нема директни механизми да влијае за намалување на цените. Ова е услуга каде што локалната самоуправа, со оглед на тоа што ги утврдува и цените за комуналниот смет, директно ќе влијае на намалување на цената за комуналната услуга.

Овој амандман уште повеќе треба да биде поддржан заради тоа што, еве ќе кажам, ние напрвивме грешка во претходниот мандат и јас не сум како некои колеги или министри и за она што погрешиле во минатото да речат не погрешив и упорно да тврдам и она што не се брани да го бранам. Кажувам, ние сме погрешиле.

Јас се обидов сега малку повеќе да разгледам. Ние сме една од ретките држави во Европа што немаме повластена стапка за отстранување на

отпадот и услугите за јавна чистота. Согласно директивите на Европската унија, од 2006 година, значи сепак после она што претходниот Парламент ја зголеми оваа стапка, во Анексот 3 точка 18, точно во тие директиви стои, сега а не ги читам и директива 112, да не ви одземам за тоа време, точно стои дека изведувањето на услугите кои се однесуваат на чистење на улиците, собирање на отпад и третирање на отпадот и овие услги може да се изведуваат од организации наведени во член 13 од тие директиви и за нив може да има повластена стапка.

Најголем дел од државите во Европа тоа го направиле после овие директиви. Ќе ви кажам само пример од Европската унија. Во Словенија стапката на ДДВ за собирање на комунален отпад е 8,5%, а стандардната стапка е 20%. Во Германија стапката на ДДВ за собирање на комунален отпад е нула, стандардната стапка на ДДВ е 16%. Во Грција стапката на ДДВ за собирање на комунален отпад е 8%, стандардната стапка на ДДВ 18%. Во Шпанија стапка на ДДВ за комунален отпад 7%, стандардна стапка на ДДВ 16%. Таква е состојбата и во Ирска и во Луксембург, Италија и во дел од држави кои не се членки на Европската унија, на пример во соседна Србија.

Сметам, еве и јавно ќе кажам дека кога одредени директори на јавни комунални претпријатија во Македонија видеа дека го имаме предложено законот, како ЛДП, за намалување на стапката за отпадот, контактираа со мене, пред тоа контактираа , бидејќи вие сеуште немавте најавено за градскиот сообраќај и од ЈП Градски сообраќај и на овие директори со кои јас контактирав им кажав тешко ќе помине амандманот и тешко ќе помине законот заради тоа што е предложен од опозицијата. Не е коректно да ги спомнувам нивните имиња, тие разговараа и со голем дел од вас пратениците и овој амандман не го поднесов до последен момент на истекот за поднесување на амандмани со тоа што им кажав, ако треба ќе го повлечеме и законот, нека не биде предложен од опозицијата, нема јас да го поднесам амандманот, нека го поднесе пратеник од парламентарното мнозинство и дел од пратениците од парламентарното мнозинство, според нивното кажување земале таква обврска дека ќе видат дали може тоа да се направи .

Не ми е важно дали тоа ќе биде амандман и закон на ЛДП, туку важно ми е да успееме да направиме еден позитивен потег. Јас сепак, господине министер би в замолил уште еднаш да размислите за овој амандман. Со тоа нема да имате многу селективен приод при неплатените давачки на комуналните претпријатија, во зависност од тоа кој каде е градоначалник така и да се однесувате, ќе им помогнеме и на јавните претпријатија ќе им помогнеме на сите граќани во Република Македонија.

Ги повикувам пратениците да го поддржат овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник Марјанчо Ниоколов.

**Марјанчо НИколов:** Благодарам.

Се јавив во функција на поддршка на амандманот и сметам дека сериозно треба да размислат сите пратеници околу овој амандман. Колегата Слободан Најдовски на широко објаснуваше зошто треба да се прифати овој амандман. Објаснувањата што ги даде министерот за финансии, за жал не држат. Едноставно Владата нема намера да прифати нешто што е предложено од опозицијата, колку тоа да е испрвно, колку тоа во моментот е потреба да се направи така како што е предложено.

Забелешките дека ММФ требало да дадат согласност или требало да биде прашан мислам дека Владата ги користи само во ситуација кога не сака нешто да прифати или кога и треба некое оправдување за некој потез што треба да го направи, а не е популарен за граѓаните на Република Македонија. Значи ММФ е институција која се грижи за макроекономската стабилхост и до колку Владата сака да го прифати и најаде извори од каде ќе го покрие евентуалниот недостаток по основ на ДДВ, до колку се прифати стапката за комунален отпад да биде 5%, сигурно дека ММФ нема да рече не може ова да се направи. Но би ги замолил колегите пратеници сериозно да размислат околу овој амандман, бидејќи состојбата е критична, пред се во оние ЈП кои се занимаваат со прибирање, третман и складирање на комуналниот отпад кои се наоѓаат во многу тешка ситуација. Знаеме дека многу од нив по основ на неплатен ДДВ, како што кажа и колегата се блокирани или се блокираат, зависно од потребите и намерите на УЈП и нормално не можат да ја извршуваат својата дејност, а таа е во интерес на сите граѓани. Не само што не можат да го платат ДДВ, туку и опремата со која располагаат и начинот на кој се врши прибирањето на отпадот е многу назад од некои стандарди, а да не зборуваме и за местата каде се складира отпадот и за што Македонија треба сериозно да размисли во наредниот период како тие отпади ќе ги направи по одредени стандарди.

Ако се прифати овој амандман, јас верувам дека во многу случаи ќе се направи добро и за граѓаните, бидејќи ќе се избегне евентуалното зголемување на цената во зависност по кој основ каде се прибира, дали по м3 или по површина од куќите и дворовите, ќе се избегне зголемувањето на цената за оваа услуга во градовите. Нема друга можност јавните комунални претпријатија да преживеат, бидејќи и наплатата на комуналниот отпад, на сметките за комунален отпад е многу ниска, верувам е некаде околу 20 до 30%. Исто така, дејноста која ја обавуваат не трпи одлагање или прекинување со нејзиното извршување. Затоа мислам, до колку остане ваква ситуацијата, до колку Владата или колегите пратеници не го прифатат амандманот, се создава предуслов многу општини да посегнат по зголемувањето на цената и на тој начин директно

ќе го оптоваарат буџетот на граѓаните. Со прифаќањето на овој амандман би можеле да избегнеме една таква состојба. Директно можеби овој амандман ќе нема бенефит кај граѓаните, но индиректно, значително ќе придонесе и да не се зголемат цените и јавните претпријатија да можат послободно да работат во смисла на располагање со ликвидни парични средства и квалитетот на услугите постепено да се зголемува за да може да се утврдат одредени стандарди во работењето. Навистина, можеби овој амандман од сите предложени има најголемо значење и уште еднаш апелирам до колегите да го изгласаат и верувам дека нема да предизвика толкави импликации во однос на Буџетот на Република Македонија, а сепак ќе биде во интерес на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Сакам уште на почетокот да кажам дека го подржувам овој амандман поднесен од колегата Слободан Најдовски заради тоа што навистина е амандман за кој треба сериозно да размислува и Владата на Република Македонија, а пред се ние во Собранието на Република Македонија заради тоа што иако ваквите закони за намалување на ДДВ кои беа поднесувани претходно од пратеници од опозицијата не беа прифаќани од страна на Валдата, веројатно само заради тоа што се од пратеници од опозицијата.

Навистина се надевав дека при измена на Законот за ДДВ во овој случај ќе се опфати токму ова за кое колегата Најдовски има поднесено амандман во делот на намалувањето на ДДВ за собирање на комуналниот смет.

Учествував во комисиската расправа на Законодавно-правната комисија во делот на овој закон и таму искажав одредени дилеми во однос на тоа дека не се до крај спроведуваат одредбите од ваквиот закон или крајниот бенефит го немаат граѓаните на Република Македонија. Тоа се покажа со функционирањето при намалувањето на Законот за ДДВ за земјоделските репро материјали. Сега имаме зголемена цена на сите тие производи освен што компаниите кои работат во тој дел имаат поголем профит.

Сега намалувањето на ДДВ за сите овие сегменти кои се и во делот на компјутерите и софтверите, во делот на лекови и медиицнски помагала, јавниот превоз и т.н. Тврдам и убеден сум дека профит ќе имаат сите овие претпријатија во Република Македонија кои се бават со оваа дејност, меѓутоа, крајниот ефект ќе го немаат граѓаните на Република Македонија.

Меѓутоа, во однос на ова решение понудено со амандманот, мислам дека единствен бенефит во целата работа ќе имаат граѓаните на Република Македонија. Зошто? Заради тоа што со зголемувањето на ДДВ на 18% за собирање на комуналниот смет со Законот со кој се предвидува дека цената се утврдува по м2 корисна површина, покрај тоа што драстично се зголемија цените на оваа комунална услуга од една страна, дополнително е оптоварен со 18% ДДВ и со тоа се доведува во прашање функционирањето на јавните претпријатија на локално ниво кои дирекно се задолжени за собирање на комуналниот смет.

Ако се доведува во прашање функционирањето на јавно претпријатие дали е на локално или на државно ниво, дирекно се доведува во прашање и јавниот интерес односно се засегаат интересите на граѓаните на Република Македонија и често најголем број од овие претпријатија во Република Македонија не функционираат или се со блокирани сметки и често ни се случува состојба како онаа што беше во Куманово неколку пати повторувана со 2-3 месеци не може да се собира комуналниот смет, а со тоа директно да се нарушат интересите на граѓаните на одредена општина или можност да се предизвикаат одредени еколошки катастрофи во одредени средини.

Токму од тој аспект мислев дека Владата на Република Македонија, согласно ветувањата што вие господине министер ги дадовте овде во Собранието на Република Македонија при поднесувањето на еден таков закон од колегите од позицијата, дека набрзо Владата ќе размислува и за решавање на еден ваков проблем со што ќе им се симен едне голем товар на јавните претпријатија на локално ниво кои се занимаваат со собирање на комунален смет.

Денеска тоа не е случај, ова што амандманот не се прифаќа и со тоа не се укажува на определба на Владата дека е заинтересирана нормално да функционираат овие претпријатија во кои се остварува јавниот интерес во Република Македонија не можам никако поинаку да ги протолкувам освен како можност на овој начин да се врши одреден политички притисок на одредени локални самоуправи кои во овој момент ги раководат кадри на опозицијата и тоа воопшто не е добро. Не е добро да се соочиме со еколошки катастрофи и состојби како што се соочуваше Куманово, пак ќе спомнам, неколку пати до сега и по интервенциите се наоѓаа некои заеднички решенија, меѓутоа, еден голем период граѓаните на Куманово не можеа да си го остварат својот интерес за чиста животна средина или Јавното претпријатие не можеше да си ги остварува своите функции заради блокада.

Тоа е заради тоа што навистина зголемувањето на ставката од 18% придонесе да не можат редовно јавните претпријатија да ги сервисираат услугите кон државата во делот на наплатата на данокот заради тоа што наплатата на комуналните сметки е многу мала и се движи од 20 до 30% секаде во Република Македонија како што беше порано спомнато и со тоа директно се отежнува основната функција на ваквите јавни претпријатија.

Мислам дека ние како Собрание ќе треба да покажеме многу поголем интерес за граѓаните на Република Македонија или да покажеме многу поголем интерес за функционирањето на локалните самоуправи на овие јавни петпријатија и директно да го остваруваат интересот на граѓаните и со изгласување на овој амандман навистина да покажеме дека работиме во интерес на граѓаните.

Со ваквиот амандман и со оваа измена на Законот директен бенефит ќе имаат граѓаните на Република Македонија остварена преку локалните самоуправи и јавните претпријатија.

Сето друго кое овде го наведуваме не претставува јавен интерес, верувајте ќе биде зголемување на профитот на компаниите за сметка на интересите на граѓаните на Република Македонија.

Владата изрази сопствен став, став кој значи не подржување на овие јавни претпријатија, овој став на Владата јас го толкувам исклучиво од политички причини заради тоа што само така може да се толкува еден став во кој не сака да се помогне на јавните претпријатија на едно локално ниво, меѓутоа, очекувам дека претставниците на граѓаните овде, а тоа се пратениците во Собранието на Република Македонија ќе имаат многу поинаков став од оној на Владата и ќе го прифатат овој амандман со тоа ќе овозможиме овие претпријатија конечно да профункционираат онака како што треба, а со тоа да ги задоволиме барањата и интересите на граѓаните. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор господинот Марјан Додовски, повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Би сакал со неколку збора да кажам зошто во овој момент е добро да се прифати овој амандман.

Состојбата со животната средина и она што е тесно поврзано со функционирањето на единиците на локалните самоуправи во најмала рака најмногу се поврзува со функционирањето на јавните комунални претпријатија.

Познато е дека сите оние општини кои имаат јавни комунални претпријатија се судруваат можеби со најголемите проблеми за тоа како да функционираат овие претпријатија.

Познато е дека во најголем дел сите тие располагаат со застарена инфраструктура што од камиони, што од застарени контејнери и ова на некој начин претставува дополнителен товар за функционирање на јавните комунални претпријатија. Оттука граѓаните не само во Скопје, туку и во другите градови се прашуваат од време на време зошто имаме поголема нехигиена или зошто е ваква или поинаква состојбата со животната средина.

Мислам дека со прифаќање на еден ваков амандман во многу нешто ќе се олесни функционирањето на јавните комунални претпријатија. Познато е дека секоја општина на свој начин ја креира својата политика во делот на комуналната сфера и познато е дека голем дел од општините своите јавни комунални претпријатија не можат ни да ги стават во функција затоа што уште од самиот почеток ќе се судрат токму со овие проблеми. Ценам дека до колку го направиме овој чекор во овој момент, на некој начин ќе направиме одредено олеснување на јавните комунални претпријатија за да можат да дишат. Едноставно улиците низ Република Македонија да бидат растеретени од оној смет кој секојдневно можеме да го видиме.

Значи, не дека не работат јавните комунални претпријатија, туку напротив работат, меѓутоа, интензитетот на работата од ден на ден се повеќе и повеќе им се отежнува.

Од таа гледна точка би истакнал дека сите ние доаѓаме од најразлични градови, од најразлични места и секој сака да го има својот град и своето место на живеење, па дајте да им дадеме еден позитивен импулс на единиците на локалната самоуправа, да им дадеме подршка и на овие јавни комунални претпријатија да можат да се снајдат во процесот на интензивна децентрализација на власта, а верувајте, комуналната сфера е една од тие каде е најотворена, најпроблематична.

Само за едно потсетување. Во овој момент во Република Македонија имаме само една санитарна депонија, тоа е депонијата Дрисла кај Скопје која во овој момент исто така можеби не ги задоволува сите критериуми за една стандардна санитарна депонија, а за сите други места можеме да говориме дека во овој момент во Република Македонија имаме само оградени ѓубришта, а не депонии.

Од таа причина кажувам дека е добро да се даде подршка на јавните комунални претпријатија да бидат растеретени од оној товар кој секојдневно го носат.

Знам дека ова ќе биде дополнително оптоварување за Буџетот на Република Македонија, но сепак мислам дека треба да се даде подршка на овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателе.

Сакам да се придружам на амандманот кој го поднесе пратеникот Слободан Најдовски, пред се, инспириран од она што претходно беше кажано, но најмногу од пробелмите за кои говореше пратеникот Оливер Спасовски и мора да признаеме врз основа на искуството на најголемиот стручњак меѓу нас пратениците, тоа е поранешниот министер за заштита на животната средина господинот Додовски.

Мислам дека министерот за финансии може до крај да биде доследен на она што го има дадено како јавно ветување на локалната самоуправа во Куманово. Да потсетам, проблемите со кои се судри Куманово, а кои во изминатиот период најмногу ескалираа покрај Куманово и во Тетово

ја наметнаа потребата овој проблем да се гледа интерресорски.

На една од средбите што ја имаа претставници од Министерството за финансии со градоначалникот на Куманово Зоран Дамјановски, беше дадено ветување дека при првата можна прилика ќе биде разгледана можноста што врз основа на анализите кои ги правеше Управата за јавни приходи ќе покаже дека евентуален спас и на Јавното претпријатие во Куманово, а верувам и за другите јавни претпријатија за да можат да продолжат да работат рентабилно. Кога веќе велиме и покажуваме дека децентрализацијата ја правиме според европски стандарди, при првата можна прилика кога билансите ќе го дозволуваат тоа, кога наплатата на давачките ќе биде над проектираното ниво, ќе се излезе во пресрет на барањата и на кумановската локална самоуправа и на другите во делот на намалувањето на ДДВ за собирањето на комуналниот отпад, ќе биде дадена можност на јавните претпријатија кои го прибираат, вршат третман и складирање на отпадот конечно да ги санираат дубиозите кои настанувале со години.

Уште повеќе што веројатно подобро од мене тоа го знае поранешниот министер Додовски има повеќе анализи министре Славески кои покажуваат дека на овој начин ако ги направиме финансиски да бидат консолидирани овие јавни претпријатија во процесот кој веќе започнува за таканареченото јавно приватно партнерство, можно е дел од овие јавни претпријатија во процесот на приватизација кој е неминовен да најдат странски партнери кои се заинтересирани, посебно оние кои ги користат меките кредити и дел од сето она од Кјото протоколот каде исклучително се води сметка за заштита на животната средина.

Јас ви тврдам дека во Министерството за заштита на животна средина и просторно планирање најмалку 15-тина понуди на потенцијални странски инвеститори кои се подготвени да инвестираат во оваа сфера и уште повеќе посредно, не само да ја заштитуваат животната средина во Република Македонија, туку и да овозможат да се поправи состојбата и во енергетските биланси на Република Македонија, бидејќи освен Дрисла за која еве експертот Додовски вели дека и таа како најдобар капацитет што го има Република Македонија и е неопходно осовременување, уште повеќе тоа им е потребно на другите локални самоуправи. Да потсетам, според моите сигурни извори, затоа што дел од тие проекти ги видов, имате неколку проекти кои се во висина од стотици милиони евра каде има заинтересирани странски инвеститори кои сакаат да инвестираат во регионален центар за собирање на комуналниот отпад на потегот Тетово-Гостивар каде би го решиле проблемот и во Тетово и во Гостивар и во другите помали општини. Таков проект има и во Куманово, за модернизација на комунална хигиена односно на Јавното претпријатие Дрисла во Скопје.

Сметам дека пред парламентарното мнозинство да гласа, ќе треба да има уште едно дополнително објаснување од вас кои се мотивите и покрај вашите ветувања дека сериозно ќе го разгледате овој проблем кој, според анализите кои се прават, можеби краткорочно ќе имаат ефекти во Буџетот на Република Македонија, но долгорочно ќе има повеќе позитивни ефекти.

Уште еднаш напомнувам, прво во делот на заштитата на човековата околина, и второ, во делот на покачувањето на нивото на дирекните странски инвестиции. Бидејќи овде зборуваме за Гринфилт инвестиции каде ќе биде применета најсовремената технологија, каде ќе имаме таков начин на согорување на отпадот при што согорувањето, не да речеме ако одите од Велес накај Струмица да поминете покрај отпадот што го има Велес, не може да поминете, секогаш има магла кога се пали тој отпад, туку ќе имате таков начин на согорување што дополнително ќе биде извор на енергија и ќе реши дел од енергетските проблеми што ги има Република Македонија.

Врз основа на сето она што претходно го кажаа колегите пред мене, сметам дека овој амандман на Слободан Најдовски и на пратеничката група на ЛДП заслужува посебно внимание, независно кој на која политичка партија и припаѓа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата.

Бидејќи во салата има одреден број на пратеници, амандманот го ставмана гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 65 пратеника во салата гласале 59, од кои за гласале 16, воздржан 1, против гласале 42 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Птворам претрес по амандманот на член 1 став 2 за додавање нова точка 3 по точката 2, поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Роза Топузова-Каревска, под архивски број 07-3688/6.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседател.

Дозволете ми накратко да го образложам овој амандман.

Досегашните амандмани што се поднесени од пратеничката група на ЛДП беа во првиот период. Следните два амандмани кои се поднесени, се по барање на заинтересирани страни или граѓани на Република Македонија. Затоа се отпосле поднесени, мислам подоцна, а ќе го образложам следниот амандман.

Овој амандман е за повластена даночна стапка за маркетинг услуги во печатени електронски медиуми.

Од кои причини се предлага овој амандман?

Што се забележува во Република Македонија околу рекламирањето и маркетинг услугите во печатените електронски медиуми.

Можеби ќе погрешам со некои децимали, ако сега направите едно истражување кој е најголем плаќач на маркетинг услуги, сметам дека ќе дојдете до едно фрапантно сознание кое го нема во ни една држава во светот.

Моментално најголем плаќач на маркетинг услуги во Македонија е Владата на Република Македонија.

Господине Поп Арсов, сакам да ви укажам, ова да ви е последен пат што ми дофрлувате. Моето ниво на култура не ми дозволува на таков начин да реагирам, но ве молам, бидете културни, оној кој што сака да слуша може да слуша, оној кој што не сака нека си оди во клубот. Ве молам, кога би бил на друго место можеби и поинаку би реагирал, но моето ниво на култура не ми дозволува овде поинаку да реагирам, освен да ве замолам да биде без дофрлање. На секој што ќе дискутира дофрлувате. Зошто бе луѓе, имате ли малку почитување кон човек, не кон колеги пратеници.

Ќе повторам, можеби ќе погрешам со некоја децимала, некоја од компаниите кои се од мобилната телефонија или од некои од пијалоците да бидат тука на ниво, но моментално најголем плаќач во Република Македонија за маркетинг услуги и реклами е Владата на Република Македонија. Нема ниедна држава во светот што е вака, буквално ниедна држава, дури ни оние најнеразвиените. Сега кога го поднесував амандманот, некои од моите колеги ми рекоа со овој амандман сакаш да и помогнеш на Владата, затоа што ќе и се намалат обврските на Владата за плаќање на ДДВ за маркетинг услугите. Но нека е така. Она што јас сакам да помогнам во овој случај се стопанските субјекти во Република Македонија, зборувам од стопанството од една страна и од друга страна печатените и електронските медиуми. Ќе ви кажам зошто. Посебно со општата глобализацација, сега со користењето на кабелската телевизија и гледањето голем број други програми, Македонија со оглед на малиот простор и број на гледачи кој што е ограничен се помала ќе биде заинтересираноста за рекламирање директно во македонските електронски медиуми, тоа го гарантирам. Како ќе оди времето, тоа ќе го погледнеме. Од друга страна, и македонските компании кои што се во развој во однос на компании од иста стопанска дејност во развиените земји немаат доволна финансиска моќ да се носат со рамномерно рекламирање. Од трета страна, ако погледате дел од медиумите посебно од локално ниво сакам да кажам, најголем товар и најголем проблем им се токму овие давачки. Само ќе илустрирам низ пример. Во Република Македонија повеќе не постои друг локален весник освен Битолски весник од оние кои постоеле порано и сега 2-3 нови кои се во зародиш во Битола, ги има “Его јавност”, не знам во другите општини како е, но во сите други општини, во Прилеп се викаше “Народен глас”, “Штипски весник”, во Охрид, во Куманово, сите весници пропаднаа. Остана само еден локален весник во Република Македонија. Со истиот проблем се соочуваат и медиумите на локално ниво. Не е подобра ситуацијата ниту во медиумите на државно ниво, имајќи ја предвид повторно ќеречам ограниченоста на пазарот на консументи во Република Македонија.

Ќе бидам упорен господине министер, и законите нема да ги повлечеме, ако сега амандманите не ни ги усвоите. Еднаш успеавме, како што велеше мојата колешка професорка Благородна ајде да се пазариме, јас нема да се пазарам, но велам полека, еднаш усвоивте да канализацијата и отпадните води, направивме позитивен пример. Сега гледам дека сте на граница да се преломите за отпадот, значи првиот пат не успеавме пред една година, денес не успеавме, ама сте на пат да се преломите и кога ќе одите повторно да се поздравувате на пазарчињата во вашата изборна единица, тогаш ќе можете да им кажете, еве после трети пат се преломив за отпадот, па четвртиот пат ќе се преломите за пазаришната такса и полека полека, упорен ќе бидам да ви кажам право. Ова нека биде како за почеток, но кога ќе размислите, ќе имате помош и вие како Влада бидејќи сте најголем плаќач на маркетинг услуги, односно агенциите кои што вие ги користите, а не се на тендер избрани, тие се најголемите плаќачи и во даден момент ќе дојде време и овој амандман да го прифатите, но ќе биде ваш предлог. Мене не ми е никаков проблем и ваш предлог да е, јас ќе го поддржам. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам господине Најдовски.

Има збор пратеник госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, да бидам искрена, најмалку очекував дека министерот ќе го прифати овој амандман, а уште помалку мислам дека пратениците од парламентарното мнозинство ќе го изгласаат овој амандман, дотолку повеќе ако пратениците од парламентарното мнозинство и ако мнозумина од нив рекоа дека претходните два амандмани, она што се однесуваше на отпадот и оној што се однесуваше на интернет услугите дека се добри амандмани и дека нема да имаат

никакви импликации врз Буџетот на Република Македонија доколку бидат прифатени или изгласани, за жал, тие не успеаја да се надминат самите себе си и да гласаат за, туку останаа верни и доследни на партиската политика и не гласаа за двата амандмани за кои и тие интимно се согласуваат дека се добри и дека им се потребни на граѓаните на Република Македонија.

Зошто не очекувам дека овој амандман ќе биде прифатен? Затоа што амандманот е предложен поради тоа што најголемите обврски на медиумите се заради неплатените давачки кон државата и токму поради тоа бараме маркетинг услугите во печатените и електронските медиуми да добијат повластена стапка. Во исто време, мора да признаеме дека е се помал бројот на малите компании кои можат да се рекламираат ако ги имаме предвид цените на рекламирање.

Овде мора да признаеме дека и овие мали компании имаат право и добро е заради нивниот развој и профит, профитабилност, да можат да се рекламираат. Од друга страна, зошто правото на рекламирање да биде само на Владата на Република Македонија. Мојот Колега Најдовски кажа дека најголеми средства за рекламирање во овој момент троши Владата на Република Македонија, што не е пример во ниту една држава во светот. А пратениците од парламентарното мнозинство во вчерашната дебата се обидоа да ни кажат дека тоа било транспарентно работење на Владата. Не, почитувани колеги, тоа не се нарекува транспарентно работење на Владата, за тоа има друг термин и се нарекува чист популизам. Токму поради ова што сега го кажав, најмалку очекувам дека пратениците од парламентарното мнозинство ќе гласаат за овој амандман.

Бидејќи сум убедена дека не можам да ги разуверам, затоа нема да продолжам со мојата дискусија, меѓутоа, сакам да им кажам дека треба да се мисли за електронските и печатените медиуми, особено на оние помалите, не само кога медиумите им требаат ним, туку и кога пратениците треба да сторат нешто за медиумите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Во салата има 61 пратеник.

(Во салата влегуваат пратеници)

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, вкупно гласале 58, за гласале 10, двајца се воздржале од гласањето, 46 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 за додавање нова точка 3 по точката 2, поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Роза Топузова Каревска, под архивски број 07-3688/7**.**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине потпретседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Еве заради колегите пратеници и заради јавноста да кажам дека амандманот се однесува на намалување на даночната стапка за сточна храна и производи наменети за храна за исхрана на животните.

Која е причината поради која го поднесовме овој амандман ние од ЛДП мислам дека не треба поголемо елаборирање. Прочитајте го завчерашниот број на “Утрински весник” и ќе ги погледнете изјавите на здруженијата на сточарите во Република Македонија и сопствениците на сточарските фарми. Република Македонија се соочува со една страшна работа, да кажам сега не по вина на Владата во овој момент. Општото движење на цените на земјоделските производи заради сушата која што ја зафати не само Македонија туку и поширокиот регион доведуваат до недостаток на храна за стоката во Република Македонија од една страна, а прилично висока цена на сточната храна која што е од увоз. Јас сакав да бидам реален и да кажам дека тука воопшто не е вината на Владата за зголемувањето на цената, исто како што не е заслуга на Владата како што некои колеги овде сакаа да кажат за подигањето на откупната цена на пченицата. Тоа си е пазарот, тоа го регулира пазарот како што сака да каже господинот Витанов “невидливата рака на Адам Смит”. Затоа, кога ќе зборувате дека пченицата сте ја поскапеле, и самите знаете дека не е така. Вгодина, дај Боже, Господ на помош да е, да биде врнежливо годината и плодна, цената на пченицата ќе падне, кога ќе биде понудата поголема. Но во овој момент и подолг период Република Македонија се соочува со проблемот на храна за стоката и цената на таа храна. До минатата година, до доаѓањето на оваа Влада, претходната Влада даваше субвенции за пченката и јачменот како суровини за храна на стоката. Ако во последно време нема некои измени, оваа Влада пченката и јачменот не ги стави во дотации. Можеби сега ако има измена во новата програма ќе ги стави, но велам во првата програма што ја објави Владата пролетта тоа го немаше ставено за субвенционирање на пченката и јачменот. Автоматски тоа доведе - тука е само

еден мал дел каде што е вината на Владата за подигање на цената на сточната храна.

Господине министер, мислам дека можеме да направиме еден добар потег, да им помогнеме на одгледувачите на стока со намалувањето на ДДВ и после заедно со мене, бидејќи 4 години бев директор на Пазарот во Битола, одев секој вторник на сточниот пазар, бидејќи вие за кампања шетавте само по пазарчињата за земјоделски производи, ќе одиме и на сточниот пазар да им кажеме дека сме направиле нешто добро на тие производители на стока во Република Македонија, освен ако не откажете, бидејќи во последно време не одите по пазарчињата во Македонија откако станавте министер. Така, прашањето е малку и да се насмееме, но прашањето е и премногу сериозно. Можеме да се доведеме до ситуација Република Македонија да изгуби дел од сточниот фонд. Велам има и поголеми стручњаци од мене во оваа област овде и ги прифаќам и забелешките на тоа, но од она што моожев да го прочитам завчера во “Утрински весник”, од она што можев да го следам деновиве постојано од претставниците на здруженијата на сточарите во Република Македонија, господинот Кулевски од Битола и од други здруженија на земјоделците, опасноста ни претстои. Оттука и опасноста со производството на млеко. Ако добро се сеќавате, сточарите излегоа со еден предлог кој што за мене морам да ви кажам во пазарна економија е неприфатлив Владата да им увезе сточна храна и да им ја даде поевтино, за мене тоа како пазарна категорија е неприфатливо, но ова е прифатливо и можете за 13% да ја намалите цената на сточната храна. Да очекуваме заради повисоката цена на пченицата на одредени видови на сточна храна и зголемување на цената во овој период, а не се очекува зголемување на откупната цена на млекото и тоа може да не доведе до опасна состојба за одржување на сточниот фонд и производството на млеко во Република Македонија.

Амандманот се надевам дека ќе наиде на поддршка кај сите оние пратеници, иако очекувам и од овие што се од Скопје, но кај сите оние пратеници што се надвор од Скопје, бидејќи тие најмногу се соочуваат, секој ден, со граѓаните, односно со луѓето кои се занимаваат со оваа дејност во Република Македонија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Ќе се потрудам да бидам што пократок. Се јавив за збор за да го поддржам овој амандман на колегата Слободан Најдовски. Амандманот го објасни колегата и јас реков дека го поддржувам, но еве да кажам од кои причини.

Пред се, овој амандман овозможува намалување на ДДВ за сточна храна и производи наменети за исхрана на животните. Можеби времето кога е поднесен овој амандман е вистинското време, бидејќи од моментот кога е завршена жетвата, некаде јули месец, цената на овие производи за производство на сточна храна и производи наменети за исхрана на животните е зголемена 100%.

Како што кажа колегата Најдовски, не е виновна ниту Владата, не се виновни ниту индивидуалните земјоделци, ниту комбинатите за зголемувањето на цената на храната за 100%. Знаеме дека еден од најголемите фактори е годинашнава суша која го преполови родот за оваа година.

Но сепак, овој амандман реков дека е правиот момент, односно времето кога е поднесен, бидејќи сега сточарите се во еден временски период, таканаречен тежок период за нив, бидејќи се е исто само храната за стоката е покачена.

Сега да не зборувам, или да не ви објаснувам зошто е се исто. Исто е бидејќи, почитувани колеги пратеници и почитуван министре, млекото како што знаете е само некаде, зборувам за струмичкиот регион, дека само еден денар е покачено, некаде два, а на пример, оваа храна која што треба да ја користат земјоделците за исхрана на стоката, односно на говедата е покачена од 180 за 100%.

Значи, не гледам ништо лошо во овој амандман, затоа се јавив да го поддржам, ќе го поддржиме верувам, доста колеги како од опозицијата, така и од парламентарното мнозинство, оние кои што доаѓаат од реоните каде што пред се, се сточарски реони би го поддржиле овој закон и со тоа би дале поддршка и на сточарите од таму од каде што доаѓаат, односно за нивните поддржувачи, кои што го дале гласот за нив.

Нема да должам, на крајот би сакал уште еден апел до министерот, ако рече дека амандманот не го прифаќа, а јас и колегата Најдовски сигурен сум дека не ги убедивме со нашите дискусии, со нашите објаснувања да се намали ДДВ кај сточната храна. Се надевам дека дел од парламентарното мнозинство ќе не поддржат, или барем во некој друг период, како што сакаат денеска да кажат пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, дека еве имавме некој амандман пред ручек, кога кажаа дека сега се созреани условите во Буџетот на Република Македонија, Владата веќе проценила, има суфицит и одделува 16 милиони евра, мислам дека се работеше за компјутери. Се надевам дека во некој иден период ќе имаме поголем суфицит во Буџетот на Република Македонија, дека Владата, односно Министерството за финансии ќе процени дека овој ДДВ за сточната храна ќе го намали, и со тоа ќе им овозможи поефтина храна на сточарите во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам колегите пратеници, кои се надвор од салата да велзат, бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Бидејќи во салата има 62 пратеника, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, за гласале 16, нема воздржани, против гласале 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеник господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе сосема кратко, само неколку реченици. Мене ми е жал што амандманите кои што ги имавме од ЛДП не беа прифатени, но се надевам дека успеавме да отвориме политичка расправа за потребата од донесување барем на дел од тие амандмани и тоа ќе има позитивно влијание.

Јас ќе гласам за овој закон, но би замолил минситерот до колку сака, би сакал на едно прашање кое што го поставив во општата расправа, остана должен да ми одговори.

Зошто, Законот кој што го донесовме за намалување на даночната стапка за репроматеријали во земјоделството е со важност до 31.12.2010 година. Тогаш од прилика објаснувањата беа дека тогаш се очекува да се усогласат до тој период со директивите на Европската унија. Овој закон го предлагаат со важност до 31.12.2012 година. Би молел, минситерот да ни даде објаснување, кога еднаш гласаме за законот да знаеме кои се причините. Јас не сакам да бидам сега циничен, но тоа дали има врска нешто со определбите на Владата по однос на евроинтеграциите на Република Македонија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, сите 60 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за ДДВ.

Почитувани колеги, пред да преминеме на петтата точка, само сакам да ве информирам, бидејќи има уредно доставено писмо до претседателот на Собранието, од пратеничката група на ДПА, поради престојните ритуали на припадниците од исламската вероисповед, денеска ќе работиме до 17,00 часот, меѓутоа, писмото се однесува и за наредните 29 дена.

Во тој случај, само сакам, да не би заборавил, утре во 10,30 часот ќе имаме координација. Ако ми дозволите да се доискажам, утре во 10,30 часот ќе има координација со сите координатори на пратенички групи, да се договориме како во наредните денови од понеделник ќе работиме, во однос на барањето кое е доставено до претседателот. Ви благодарам.

Минуваме на петтата точка.

Се извинувам, барате процедурално.

Три минути процедурално за пратеник господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Процедурално согласно Деловникот.

Имам еден предлог до пратениците. Мојот предлог се состои во следното: во овие изминати сдум-осум дена, донесовме, ако точно избројав 17-18 закони со ѕвездички, кои што се за усогласување со законодавството на Европската унија. Ни останувaат уште неколку за целосно парламентот да си ја заврши својата работа. Тоа се точките 7,8 и 9, кои што од овој дневен ред кој што ни е сега исто така се со ѕвездички.

Јас би ви предложил, почитувани дами и господа, наместо точката 5, која што е сега, точките 7,8 и 9 со ѕвездички да бидат точки 5,6 и 7, а потоа нека продолжи останатиот редослед.

Тоа ќе го образложам од следново: во овој Парламент постои би рекол 99% случаи консензус по однос на прашањата кои што се за евроинтеграции. Затоа, мислам дека е добро сега тоа да го направиме. Во спротивно, не знам и не можам да ви го сфатам инаетот. Европскта унија ги бара од нас законите ние да ги донесеме, е за инает нема ние тие да ги ставиме напред, а ќе го ставите изборниот законик, за кој што вчера Советот на Европа ви рече немојте, додека не постигнете политички консензус. На кого инает ќе водиме? На самите себе! Јас упорно тоа го барам десетина седници и мојот предлог, до колку иамам поддршка потпретседателе од 10 пратеници, ако немам да сум здрав и жив, барам овие точки да бидат 5,6 и 7, а после тоа да дојде предлогот за донесување на закон за Влада и редоследот изборниот законик, па понатаму. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Претпоставувам дека имате поддршка од 10 пратеници. (Има).

Во тој случај предлогот на пратеникот Слободан Најдовски, да го формулираме прецизно, точките 7,8 и 9 да одат пред точката 5.

Во тој случај предлогот на пртеникот Слободан Најдовски точките 7,8 и 9 да одат пред точката 5, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пртеници, за гласале 58, нема воздржани, 8 гласале против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Во тој случај колеги пратеници сега имаме новонастаната ситуација.

Повелете три минути процедурално пратеник Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Потпретседателе мислам дека и вие во тој дух, заради новонастанатата ситуација ќе укажевте на прекинување на седницата, но јас би сакал да апелирам до Владата, бидејќи законот за изменување и дополнување на Законот за Влада, ако сака Владата да размисли, се состои од два дела. Едниот се однесува на портпаролот, како државен функционер за кој што сака да се награди сега портпаролот, а второто се однесува за Секретаријатот за рамковен договор.

Ние би апелирале, до колку сака или е можно Министерството за права да ги раздели во два дела, ние би сакале да гласаме за Секретаријатот за рамковен договор, но во овие услови на вакви домашно невоспитани луѓе што префрлуваат, како портпаролот, не би сакале да дадеме глас за.

**Иван Анастасовски:** Вие колега Рафис Алити барате процедурално?

Повелете процедурално три минути, пратеникот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Во име на парламентарната група на ДУИ, бидејќи на овој начин се постапува со Законот за изборниот законик, ние како парламентарна група предлагаме оваа точка да се укине, односно да се симне од дневен ред, бидејќи сега имаме сугестии и од Стразбур и од други центри дека не е во ред на овој начин да се донесе и да се расправа овој закон и увидувајќи дека парламентарното мнозинство на ваквото нешто не му има пријдено со сериозност да го поднесе овој закон, туку е ова само фарса на мнозинството, тогаш е добро да гласаме да се симне од дневен ред и во иднина да се подготви изборен законик, кој ќе го поддржиме сите политички групи кои сме присутни во Собранието. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега.

Дали имате поддршка од 10 пратеници за вашиот предлог, да се симне точката од дневен ред, ако добро ве разбрав.

Дали имате поддршка. (Имате).

Во тој случај предлогот на пратеничката група на ДУИ преку својот координатор за симнување од дневен ред на точката по ново 9 Предлог за донесување на изборниот законик ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 20, нема воздржани, 46 гласале против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Почитувани колеги бидејќи имаме новонастаната ситуација, сега на ред ни доаѓа точката 7 од култура, а немаме претставник, мора да се направи промена во самото сценарио затоа овде ја прекинувам денешнава работа.

Согласно договорот утре во 10,30 часот имаме координација, а продолжуваме со истата седница во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,50 часот)